РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N., 6330 STRUGË / Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 223, 782 015, Факс/Faks 781 434
web: struga.gov.mk,
e-mail: kryetari@struga.gov.mk,
info@struga.gov.mk

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Бр./Nr. 09-2993/1
20.05.20 26
СТРУГА STRUGË

Бр./Nr
.05/2026
СТРУГА / STRUGË

ДО
СОВЕТ НА ОПШТИНА
СТРУГА

ПРЕДМЕТ: Барање

Почитувани,

Општина Струга е нарачател на Физибилити Студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство ,,Контрола и управување на проблемот со кучиња скитници,,.

Ве молиме истото да се стави на дневен ред на Седница на Совет на општина Струга која ќе се одржи на ден 22.05.2026.

Прилог
* Физибилити Студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно-приватно партнерство ,,Контрола и управување на проблемот со кучиња скитници,,.

Deri te
KËSHILLI I KOMUNËS SË STRUGËS
STRUGË

LËNDA: Kërkesë

Të nderuar,

Komuna e Strugës është porositës i Fizibiliti studimit për arsyetimin e dhënies së koncesionit për të mirat në interes publik ose kontratë për partneritet publiko-privat ,,Kontrolli dhe menaxhimi i problemit me qentë endacak,,.

Ju lutemi i njëjti të vendoset në rend të ditës në Seancë të Këshillit të komunës së Strugës e cila do të mbahet në datë 22.05.2026.

Shtojcë
* Fizibiliti studimi për arsyetimin e dhënies së koncesionit për të mirat me interes publik ose kontratë për partneritet publiko-privat ,,Kontrolli dhe menaxhimi i problemit me qentë endacak,,.

ОПШТИНА СТРУГА KOMUNA E STRUGËS

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУГА
KRYETARI I KOMUNES SE STRUGES

MENDI QYRA

Република Северна Македонија • Републикаа Северна Македонија • ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУГА • KRYETARI I KOMUNËS Së Veriut • STRUGË • Republika e Maqedonisë së Veriut •

ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА

за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно - приватно партнерство

"Контрола и управување на проблемот со кучиња скитници"

Нарачател:

Општина Струга

Друштво за процена и
консултантски услуги
АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Бр. 02-10/1 . 31.01.26 год.
Битола

Битола, Јануари 2026

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ Битола
Email: darko@aestimatio.net, darko.apostolovski@yahoo.com
Изработил: Консултант Дарко Апостоловски



СОДРЖИНА

Содржината на оваа Физибилити студија е пропишана согласно „Уредбата за содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/12).

Со уредбата се пропишува содржината на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на доделувањето на договори за воспоставување на јавно приватното партнерство.

При изготвувањето на физибилити студијата за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на доделувањето на договори за воспоставување на јавно приватното партнерство особено ќе се земе во предвид јавниот интерес, финансиското влијание на концесијата на добро од општ интерес, односно на јавното приватно партнерство врз буџетот на концедентот, односно јавниот партнер и усогласеноста со плановите за економски развој.

Физибилити студијата содржи: извршно резиме, општ дел, техничка, финансиско-економска и правна анализа, и општи заклучоци и препораки.

Извршното резиме на физибилити студијата (резиме на техничката, финансиската, економската и правна анализа, резиме на финансиското влијание, резиме на анализата на ризиците, резиме на фазите за имплементација на концесијата, односно јавното приватно партнерство) ги содржи особено следните елементи:

1. Предмет и цели на концесијата/јавно приватното партнерство;
2. Правна рамка за доделување на концесијата/јавно приватното партнерство;
3. Општи информации поврзани со подготвување на физибилити студијата, и тоа:
    1) Предмет и цели на физибилити студијата;
    2) Извори на информации и податоци и
    3) Податоци за лицата кои ја изготвиле физибилити студијата.

Понатаму, физибилити студијата опфаќа:

Општиот дел на физибилити студијата може да ги содржи следните елементи:

1. Определување на законскиот основ за доделување на концесијата/јавно приватното партнерство;
2. Дефинирање на видот на договорот и на моделот на јавно приватното партнерство;

3. Проценета вредност на договорот;
4. Препораки: Извадоци од Законот за концесии и јавно приватно партнерство кои ги дефинираат елементите на физибилити студијата кои што треба да се земат во предвид при определувањето на видот на договорот (обврските и ризикот кои треба да ги преземе приватниот партнер, начинот на плаќање на надоместокот, можност за вршење на комерцијални дејности, пренос на правата на сопственост, определување на природата на мешовитите договори, учество на јавниот партнер од аспект на државна помош и сл.)
5. Определување на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, неговите главни карактерситики, вклучувајќи ги и прирастоците и подобрувањата;
6. Определување на јавната услуга предмет на концесијата/јавно приватното партнерство, условите под кои ќе се врши, како и определувањето на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство со кој ќе се врши јавната услуга, доколку вршењето на јавната услуга е поврзано со објект на концесијата/јавно приватното партнерство;
7. Определување на доброто од општ интерес предмет на концесијата;
8. Определување и анализа на условите за управување, одржување и стопанисување со објектот на концесијата/јавно приватното партнерство и доброто од општ интерес, како и условите и параметрите за обезбедување на јавната услуга;
9. Измените направени во однос на претходната анализа за основните елементи кои се показатели за природата на договорот и обрзложение на причините за тоа;
10. Прашања поврзани со управувањето на проектот;
11. Идентификација на слабостите и нивно разрешување;
12. Политички, социјални и други прашања и
13. Прашања поврзани со следењето(надзор) на проектот.

Техничката анализа може да ги содржи следните елементи:

1. Опис на постојниот имот на концесијата/јавно приватното партнерство во сопственост или владение на концедентот/јавниот партнер;
2. Потребата од изградба на нов(и) и/или реконструкција на објект(и) на концесијата/јавно приватното партнерство и опис на истиот;
3. Технички барања за проектирање и изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство потребен за вршење на јавната услуга/експлоатирање на доброто од општ интерес;
4. Наведување на главните технички и технолошки карактеристики на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство врз основа на:

a) анализа на потребите на концедентот/јавниот партнер;
b) идентификување на јавниот интерес;
c) идентификување на планските документи и проектната документација потребна за изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство.

5. Потребата и видот на подготвителните работи (изведување на привремени градби и други активности заради организирање и уредување на градилиштето) вклучувајчи ја и потребата од уредување на земјиштето за изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство;
6. Наведување на потребната инфратруктура за доведување во функционална сотојба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, односно потребната инфраструктура за вршење на јавната услуга/експлоатација на доброто од општ интерес;
7. Проценета вредност на:
   a) инвестицијата потребна за изградба на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, вклучувајќи ја и инфраструктурата;
   b) трошоците потребни за подготвителните работи и уредувањето на градежното земјиште;
   c) управувањето, одржувањето и стопанисувањето со објектот на концесијата/јавно приватното партнерство;.
8. Опрема потребана за вршење на јавната услуга/експлоатирање на доброто од општ интерес и нејзината проценета вредност;
9. Стандарди за вршење на јавната услуга/експлоатирање на доброто од општ интерес и
10. Предвидувања за нивото на побарувачка на јавната услуга во однос на обемот на потребните инвестиции и објекети во контекст на траењето на договорот.

Финансиско-економската анализа може да ги содржи следните елементи:

1. Анализа на трошоците и приходите (користа) од концесијата/јавно приватното партнерство, вклучувајќи нулто сценарио, која содржи:
   a) анализа на трошоците за секоја година на траењето на концесијата/јавно приватното партнерство потребни за инвестиции, работење, престанок на концесијата/јавно приватното партнерство и рекултивација на објектот на концесијата/јавно приватно партнерство и други трошоци поврзани со користењето на објектот на концесијата/јавно приватното партнертство или со вршењето на јавната услуга, односно користењето на доброто од општ интерес;

b) анализа на проценетите приходи за секоја година на траењето на концесијата/јавно приватно партнерство, како резултат од користењето на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство или вршењето на јавната услуга, односно користењето на доброто од општ интерес;

c) методологија за формирање на цената на јавните услуги која треба да ја плаќаат крајните корисници и евентуалните плаќања од страна на концедентот/јавниот партнер, вклучувајќи ги и непредвидените околности кои можат да влијаат на цената на конкретен пазар;

d) анализа на слабостите и ризикот на концесијата/јавно приватното партнерство (варијабили и параметри кои најмногу влијаат на стапката на интерната стапка на поврат и на нето сегашната вредност на концесијата/јавно приватното партнерство; можните сценарија; веројатноста од настанување на ризик и оценка на нивната финансиска импликација;

Под нулто сценарио во смисла на оваа уредба се смета почетната точка за споредување на различните алтернативни верзии.

2. Физибилити анализа на оперативните приходи (врз основа на предвидената побарувачка), оперативните трошоци, капитални трошоци и анализа на готовинскиот тек;
3. Трансакциона анализа: врз основа на проектираните парични текови, и можноста за финансирање на капиталните инвестиции;
4. Анализа и заклучоци за ефикасноста на концесијата/јавно приватното партнерство од аспект на концедентот/јавниот партнер, направени врз основа на интерната стапка на поврат, нето сегашната вредност, точката на изедначување и предлог за износот на надоместокот за концесија.
5. Образложен предлог за условите на концесијата/јавно приватното партнерство, заснован на потребниот период за враќање на инвестицијата;
6. Анализа на ризикот на концесијата/јавно приватното партнерство и предлог за оптимално управување и распределба на ризкот;
7. Анализа на домашниот пазар, а по потреба и на пазарот во земјите од потесното опкружување, со осврт на ризикот за враќање на инвестицијата;
8. Проценка на вредноста за пари (Value for Money)
9. За проекти кои бараат поддршка од јавниот сектор во било каква форма или средства, анализа на достапноста и одржливоста, особено во врска со достапноста на базични проекти;

10. Споредбена анализа за исплатливоста на реализацијата на проектот по пат на јавно приватно партнерство и вршење на услугата од страна на приватниот партнер, во однос на вообичаениот начин на вршење на јавнатата услуга од страна на јавниот партнер;
11. За Иницијативи за приватно финансирање (PFI), стандарди за квалитет, механизми на плаќање и
12. Идентификација на ризикот, управување со ризик, распределба, вреднување и ублажување на ризикот (ризик Матрица).

Правната анализа може да ги содржи следните елементи:

1. Анализа на законската рамка која го уредува начинот и условите на вршење на јавната услуга и/или дејноста поврзана со објектот на концсијата/јавно приватното партнерство и/или предметот на концесијата/јавно приватното партнерство, а особено задолжителните барања/елементи кои треба да се земат во предвид од договорните страни;
2. Идентификација и анализа на сопственичко правните односи поврзани со објектот и/или предметот на концесијата/јавно приватното партнерство;
3. Идентификација и квалификација на стекнатите стварни права на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство или на други права поврзани со предметот на концесијата/јавно приватното парнерство;
4. Идентификација на стварните права кои концедентот/јавниот партнер ќе ги пренсе на концесионерот/приватниот партнер;
5. Преглед на документацијата потребна за градење на објектот на концесијата/јавно приватното партнерство, вршењето на јавната услуга и користењето на доброто од општ интерес, вклучувајќи ја и постапката за обезбедување на документацијата, како и надлежните органи за издавање на истата;
6. Анализа и препораки за содржината на договорот за концесија/јавно приватно партнерство, а особено:
    a) условите за реализација на концесијата/јавно приватното партнерство;
    b) посебните права и обврски на договорните страни;
    c) одговорност за неизвршување на обврските преземени со договорот за концесија/јавно приватно партнерство;
    d) видот и висината на гаранцијата за неизвршување на обврските преземени со договорот за концесија/јавно приватно партнерство;

e) начинот и условите под кои објектот на концесијата/јавно приватното партнерство и доброто од општ интерес ќе биде пренесено на концедентот/јавниот партнер;
f) начинот и постапката за решавање на евентуланите спорови и
g) други елементи согласно прописот со кој се пропишуваат елементите и содржината на договорот за концесија /јавно приватно партнерство.

Општите заклучоци може да ги содржат следните елементи:

1. Анализа на законитоста и изводливоста на доделувањето на концесијата/јавно приватното партнерство, вклучувајќи воспоставување на превентивни мерки од интерес за одбраната и безбедноста на земјата;
2. Препорака за постапката за избор на концесинер/приватен партнер;
3. Предлог одлука за отпочнување на постапка за концесија/јавно приватно партнерство;
4. Препорака за критерумите за селекција на кандидатите/понудувачите и евалуација на понудите;
5. Препораки за тендерската документација и
6. Препораки за нацт договорот.

Во зависност од видот/предметот на концесијата/јавното приватно партнерство во физибилити студијата може да бидат опфатени **сите или дел од елементите** во уредбата.

Во физибилити студијата можат да бидат содржани и други елементи, доколку истите се потребни за посеопфатно образложение на оправданоста од доделување на концесија/јавно приватно партнество.


I. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

1) Предмет и цели на физибилити студијата;

Струга се наоѓа во југозападниот дел на Македонија, во подножјето на планината Јабланица, на северната страна од Охридското Езеро, во Охридско-струшкото Поле, непосредно на местото каде се излива реката Црн Дрим од Охридското Езеро. Оддалечена е 15 км од Охрид, 50 км од Ресен, 52 км од Дебар, 62 км од Кичево и 171 км од Скопје. Општината се состои од 43 села и градот Струга.

Градот Струга е значаен туристички центар во Република Северна Македонија.

Според податоците од пописот на население спроведен во 2002 година, во Општина Струга имало 63.376 жители. Во градот Струга живеат околу 15 илјади жители (според пописот од 2021 година), и вкупно претставува една од поголемите општини во државата и лежи на северниот брег на Охридското езеро. Градот Струга има богата историја и е познат по големиот број на културни и природни споменици.



АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Предмет на физибилити студијата е Управување и контрола на проблемот со кучињата скитници, особено во урбаните средини, кој е предизвик за современиот свет. Го истражувавме овој проблем во примерок од Струшкиоот регион во Северна Македонија, каде што има зголемување на бројот на кучиња скитници. Целта на оваа физибилити студија е да се процени финансиската и социо-економската оправданост за изградба на ново засолниште за кучиња скитници во овој регион, бидејќи постојните капацитети ги нема. Анализата потврди дека социо-економските придобивки од овој проект се повеќекратни, вклучувајќи заштеди во трошоците за каснување од кучиња скитници, заштеди во трошоците за сообраќајни несреќи предизвикани од кучиња скитници и заштеди во третманот на болести предизвикани од кучиња скитници. Резултатите од физибилити студијата можат да им користат на лицата кои донесуваат одлуки и кои ќе бидат вклучени во имплементацијата на овој и други слични проекти, што претставува практичен придонес во оваа област.

Согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 6/2012, 144/2014; 33/2015; 104/2015; 215/2015; 153/2019; 261/2019; 89/2022; 65/2023; 147/2024; 241/2024), член 16, став 2, за склучување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство потребно е прво да се изработи физибилити студија за оправданост на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Конкретни испитувања и за наведениот проблем (претходна состојба) согласно закон е потребно да се врши од страна на Општината каде се наоѓа наведениот проблем, но за изготвувањето на оваа физибилити студија конктретна анализа не е извршена од страна на Општина Струга поради немање на капацитети и информации. Добиени се повеќе неструктурирани податоци (број на сообраќајќи, број и износ на спорови за каснати лица од кучиња, број на заловени кучиња и слично) од страна на Општина Струга преку кои во оваа физибилити студија се идентификува потенцијалот за подобрување, решавање и хуман третман и проблемот со кучињата скитници.

Со цел да се подобри благосостојбата и здравјето на кучињата скитници и да се намалат проблемите поврзани со нив, беше развиен повеќеслоен, хуман и етички концепт наречен Управување со популацијата на кучиња (УПК). Интервенциите на УПК можат да се применат во пракса на многу локации, но дизајнот на УПК секогаш мора да одговара на локалните услови.

Во некои земји, сопствениците ги носат своите кучиња во засолништа кога не можат да се грижат за нив (откажување), додека во други земји оваа практика е

поретка и кучињата се напуштаат на улица (напуштање). Студиите од 1990-тите откриј дека болеста и староста се две важни причини за откажување. Во тие студии е утврдено дека промената на живеалиштето на сопственикот е најчестата причина за откажување.

Други препознаени причини за откажување од животни се: трошоците за чување домашни миленици, недостаток на време за домашното милениче, несоодветен сместувачки капацитет, многу домашни миленици во домаќинството итн. Во некои студии од 1990-тите, други причини за откажување од животни беа препознаени како лични проблеми: конфликт помеѓу домашното милениче и детето, смрт на сопственикот, болест, бременост, недостаток на време, развод и желба за патување. Дополнително, испитувањата покажаа дека нереалните очекувања за однесувањето на домашните миленици се идентификуваат како фактор на ризик за откажување, додека одредени студии заклучија дека меѓукултурните разлики меѓу земјите влијаат на тоа колку ќе биде значаен овој фактор.

Кучињата скитници претставуваат проблем на современото општество поврзан со јавното здравје и безбедноста, но исто така и со благосостојбата на животните. Во исто време, благосостојбата на животните првенствено зависи од човечкото однесување, под влијание на ставовите. Според Светската организација за здравје на животните (WOAH), терминот кучиња скитници се однесува на **„секое куче кое не е под директна контрола на лице или не е спречено да шета"**. Оваа популација вклучува три вида кучиња:

- кучиња кои слободно шетаат во сопственост,
- кучиња кои слободно шетаат без сопственик и
- диви кучиња.

Согласно испитувањата во светот, генерално во категоријата кучиња што слободно шетаат вклучува околу 75% од кучињата низ целиот свет, што е висок процент, додека нивниот број варира од земја до земја, во зависност од различни фактори - економски/социјални/културни/демографски итн.

Каде што густината на кучињата скитници е на високо ниво, оваа категорија претставува сериозен проблем за јавното здравје на населението, поврзан со појава на разни болести, а исто така и со загрозената благосостојба на другите животни. Со анализа во светот е проценето дека само вирусот на беснило, кој во 99% од случаите се пренесува на луѓето преку кучиња, предизвикува околу 55 илјади смртни случаи годишно на глобално ниво. Покрај претходно споменатите, многу болести, како што се

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

лајшманиоза, ехинококоза и токсокаријаза, можат да предизвикаат сериозни здравствени проблеми кај човечката популација.

Дополнително, проблемите поврзани со преносот на разни патогени, каснувања од кучиња и сообраќајни несреќи предизвикани од кучиња скитници претставуваат дополнителна и сериозна закана за населението, особено во урбаните средини. Затоа фокусот на управувањето со популацијата е токму на оваа категорија кучиња, со цел да се намалат проблемите поврзани со јавното здравје и животната средина, но и да се подобри здравјето на оваа категорија кучиња. Кучињата скитници, поради лошите здравствени и социјални услови, се соочуваат со различни предизвици. Од горенаведеното, следува дека различните земји и региони се фокусираат на различни цели за управување со популацијата на кучиња, како што се: намалување на бројот на кучиња скитници, подобрување на здравјето на оваа популација, заштита на јавното здравје, намалување на ризикот за други животински видови, зголемување на свеста за одговорно сопственишто итн.

Овој проблем претходно беше решен со еутаназија на голем број животни. Сепак, перцепцијата за овој проблем се промени и голем број невладини организации за заштита на животните, како и јавните власти, инвестираат во зголемување на програмите за посвојување во засолништата и минимизирање на еутаназијата. Поради оваа причина, засолништата треба да се користат таму каде што има голем број кучиња скитници, но и значајна стапка на посвојување. Сепак, некои студии забележаа дека сегашните сопственици се повеќе привржани кон своите миленици посвоени од засолништето во споредба со оние што се откажале од нив, и дека тие се дел од семејството/ Неодамна, се покажа дека, генерално, кога кучињата се чуваат во контролирани услови, со строга регулатива, проблемот со кучињата скитници е ограничен и засолништата можат добро да се справат со него.

Одредени студии забележале дека кучињата скитници сочинуваат 53–83% од вкупната популација во засолништата. Факторите што придонесуваат земјата да биде ослободена од кучиња скитници се првенствено поврзани со културните и социјалните фактори.

Целта на оваа физибилити студија е да обезбеди предуслови за:

1. **Изградба на стационар / засолниште за кучиња во Струга;**
2. **Бидејќи изградбата на засолниште не може да ги реши сите проблеми поврзани со кучињата скитници, потребно е постојано да се работи на други методи за контрола на популацијата, како што се контрола на репродукцијата, контрола**

на комерцијално одгледување и продажба, комуникациски стратегии, едукација и подигање на свеста за одговорно сопственишттво итн.

3. **Да се намали/контролира еколошкиот отпад и загадување, да се намалат преносливите болести кај луѓето, да се намалат каснувањата од кучиња, да се намалат сообраќајните незгоди предизвикани од кучиња и да се подигне квалитетот на живот во Општина Струга.**

2) Правна рамка за доделување на концесијата/јавно приватното партнерство;

Согласно член 16 став 1 од Закон за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 144/2014; 33/2015; 104/2015; 215/2015; 153/2019; 261/2019; 89/2022; 65/2023; 147/2024; 241/2024 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 153/2019, 261/2019, 89/2022 и 65/2023) за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно – партнерство, јавниот партнер или концедентот спроведува подготвителни работи.

Подготвителните работи вклучуваат особено:

- подготовка на извештај за претходна анализа за основните елементи на проектот кои се показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство, имајќи ја предвид дефиницијата за јавно приватно партнерство од овој закон,
- изработка на физибилити студија за оправданост на доделување на концесија на добра од општ интерес или договор за воспоставување на јавно - приватно партнерство,
- процена на влијанието врз животната средина на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство и
- други активности неопходни за спроведување на постапката.

Правен основ за изработка на овој извештај за претходна анализа претставува член 16 став 2 алинеја 1 од Закон за концесии и јавно – приватно партнерство.

Согласно член 5 став 1 од Закон за концесии и јавно – приватно партнерство:

Јавно приватно партнерство значи форма на договорно регулирана, долгорочна соработка меѓу јавниот партнер и приватниот партнер, која се карактеризира со следново:

а) приватниот партнер ја презема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер и/или обврската да обезбеди за јавниот партнер неопходни предуслови за давање на јавна услуга на крајните корисници и/или активности од негова надлежност;

б) со цел за исполнување на обврските од точката а) на овој став, приватниот партнер може да преземе обврска да:

- финансира, дизајнира, изгради и/или реконструира/реновира објект на јавна инфраструктура, работи и одржува нов објект и/или реконструиран/реновиран објект на јавна инфраструктура или - користи, управува и одржува постоен објект на јавна инфраструктура или - која било комбинација на горе наведените обврски се додека комбинацијата на тие обврски е со цел за исполнување на целите поставени во точката а) на овој став;

в) при преземање на обврската од точките а) и б) на овој став, приватниот партнер вообичаено презема значаен дел од ризиците поврзани со финансирање, изградба, побарувачка и/или достапност и други такви дејствија, управување, одржување и технички ризици, зависно од договореното при воспоставување на јавното приватно партнерство и се определува од случај до случај;

г) секој партнер во јавно приватно партнерство за времетраење на јавното приватно партнерство ќе преземе одговорност за ризични настани кои се во негова сфера на влијание, или одговорноста се дели со цел за постигнување на оптимално управување на ризикот за времетраењето на партнерството, меѓу другото, со користење на управувачки, технички, финансиски и иновациски способности на приватниот партнер и со промовирање на размена на вештини и знаење - искуство меѓу јавниот и приватниот партнер, без истото да е во спротивност со точката в) на овој став;

д) во замена за преземените обврски јавниот партнер може да додели на приватниот партнер концесија за јавна работа или концесија за јавна услуга, или да му надомести преку плаќање;

ѓ) јавниот партнер, исто така, може да му овозможи на приватниот партнер да изведе одредени комерцијални економски активности, покрај обврските од точките а) и б) на овој став, утврдени во договорот, но само ако не постои друг можен начин да се обезбеди неопходно ниво на ценовна ефикасност на приватното учество и разумен поврат на инвестицијата и

е) јавниот партнер може да пренесе одредени стварни права на приватниот партнер, неопходни за извршување на договорно поставените обврски.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Согласно член 5 став 2 од Закон за концесии и јавно – приватно партнерство:

Зависно од намената на средствата за надоместување од страна на јавниот партнер за обезбедување на јавна работа и/или јавна услуги, како и распределбата на клучните постојни ризици, јавното приватно партнерство може да се воспостави како:

1) концесија за јавна работа или

2) концесија за јавна услуга или

3) договор за јавна набавка на работа или

4) договор за јавна набавка на услуга.

Целта на извештајот за претходна анализа е да ги дефинира основните елементи на проектот кои се показатели за природата на договорот што треба да биде склучен со цел за воспоставување на јавно приватно партнерство, имајќи ја предвид дефиницијата за јавно приватно партнерство од Законот за концесии и јавно – приватно партнерство, со цел согледување на можноста и потребата од спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно – приватно партнерство.

3) Извори на информации и податоци и податоци за Податоци за изготвувачот на физибилити студијата

Физибилити студијата е изработена од друштво за консултантски услуги **АЕСТИМАТИО ДООЕЛ** Битола, ул. Партизанска бр. 33-5 во Битола, и лицето **Дарко Апостоловски** од Битола.

Користени податоци и референци во Студијата се:

1. International Companion Animal Management Coalition. Humane Dog Population Management Guidance. 2019. Available online: https://www.icam-coalition.org/wp-content/uploads/2019/09/2019-ICAM-DPM-guidance-Interactive-updated-15 -Oct-2019.pdf.

2. Salman, M.D.; New, J.G., Jr.; Scarlett, J.M.; Kass, P.H.; Ruch-Gallie, R.; Hetts, S. Human and animal factors related to relinquishment of dogs and cats in 12 selected animal shelters in the United States. J. Appl. Anim. Welf. Sci. 1998, 1, 207–226. [PubMed]

3. Di Giacomo, N.; Arluke, A.; Patronek, G. Surrendering pets to shelters: The relinquisher's perspective. Anthrozoos 1998, 11, 41–51.

4. Scarlett, J.M.; Salman, M.D.; New, J.C.; Kass, P.H. Reasons for relinquishment of companion animals in U.S. animal shelters: Selected health and personal issues. J. Appl. Anim. Welf. Sci. 1999, 2, 41–57. [PubMed]

5. Kidd, A.H.; Kidd, R.M.; George, C.C. Successful and unsuccessful pet adoptions. Psychol. Rep. 1992, 70, 547–561.

6. Nemcova, D.; Novak, P. Adoption of dogs in the Czech Republic. Acta Vet. Brno 2003, 72, 421–427.

7. Neidhart, L.; Boyd, R. Companion Animal Adoption Study. J. Appl. Anim. Welf. Sci. 2002, 5, 175–192.

8. Serpell, J.A. Anthropomorphism and anthropomorphic selection: Beyond the "cute response". Soc. Anim. 2002, 11, 83–100.

9. World Organization for Animal Health. Guidelines on Stray Dog Population Control. 2009. Available online: https://www.woah.org/fileadmin/Home/eng/Internationa_Standard_Setting/docs/pdf/A_TAHSC_Sept_2009_Part_A_b_.pdf.

10. Hughes, J.; Macdonald, D.W. A review of the interactions between free-roaming domestic dogs and wildlife. Biol. Conserv. 2013,157, 341–351.

11. Matter, H.; Daniels, T. Dog ecology and population biology. In Dogs, Zoonoses and Public Health; Macpherson, C.N.L., Meslin, F.X.,Wandeler, A.I., Eds.; CABI Publishing: New York, NY, USA, 2000; pp. 17–62.

12. Belsare, A.; Gompper, M. Assessing demographic and epidemiologic parameters of rural dog populations in India during mass vaccination campaigns. Prev. Vet. Med. 2013, 111, 139–146.

13. Morters, M.K.; McKinley, T.J.; Restif, O.; Conlan, A.J.K.; Cleaveland, S.; Hampson, K.; Whay, H.R.; Damriyasa, I.M.; Wood, J.L.N. The demography of free-roaming dog populations and applications to disease and population control. J. Appl. Ecol. 2014,51, 1096–1106.

14. Jiménez, S.; Pérez, A.; Gil, H.; Schantz, P.M.; Ramalle, E.; Juste, R.A. Progress in control of cystic echinococcosis in La Rioja, Spain: Decline in infection prevalences in human and animal hosts and economic costs and benefits. Acta Trop. 2002, 83, 213–221.

15. Knobel, D.D.L.; Cleaveland, S.; Coleman, P.G.P.; Fèvre, E.M.; Meltzer, M.I.; Miranda, .E.G.; Shaw, A.; Zinsstag, J.; Meslin, F.-X. Re-evaluating the burden of rabies in Africa and Asia. Bull. World Health Organ. 2005, 83, 360–368. [PubMed]

16. Hampson, K.; Coudeville, L.; Lembo, T.; Sambo, M.; Kieffer, A.; Attlan, M.; Barrat, J.; Blanton, J.D.; Briggs, D.J.; Cleaveland, S. Estimating the global burden of endemic canine rabies. PLoS Negl. Trop. Dis. 2015, 9, e0003786.

17. Quinnell, R.; Parasitology, O.C. Transmission, reservoir hosts and control of zoonotic visceral leishmaniasis. Parasitology 2009, 135, 1915–1934. [PubMed]

18. Yang, Y.R.Y.; McManus, D.D.P.; Huang, Y.; Heath, D.D. Echinococcus granulosus Infection and Options for Control of Cystic Echinococcosis in Tibetan Communities of Western Sichuan Province, China. PLoS Negl. Trop. Dis. 2009, 3, e426. [PubMed]

19. Overgaauw, P.; Nederland, V. Aspects of Toxocara epidemiology: Toxocarosis in dogs and cats. Crit. Rev. Microbiol. 1997, 23, 233–251. [PubMed]

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

20. Clarke, N.M.; Fraser, D. Animal control measures and their relationship to the reported incidence of dog bites in urban Canadian municipalities. Can. Vet. J. 2013, 54, 145–149. [PubMed]

21. Akpinar, O.; Kapci, M.; Duman, A.; Turkdogan, K.A. Evaluation of suspected rabies animal bites and comparison of vaccination protocols. Acta Med. Mediterr. 2015, 31, 919–924.

22. Jackman, J.; Rowan, A. Free-roaming dogs in developing countries: The benefits of capture, neuter, and return programs. In The State of the Animals; Salem, D.J., Rowan, A.N., Eds.; Humane Society Press: Washington, DC, USA, 2007. Available online: https://www.wellbeingintlstudiesrepository.org/cgi/viewcontent.cgi?article=1002&context=sota_2007

23. Hiby, E.; Atema, K.N.; Brimley, R.; Hammond-Seaman, A.; Jones, M.; Rowan, A.; Fogelberg, E.; Kennedy, M.; Balaram,D.; Nel, L.; et al. Scoping review of indicators and methods of measurement used to evaluate the impact of dog population management interventions. BMC Vet. Res. 2017, 13, 143.

24. Humane Society International. Case Study of an Incentive Program to Encourage the Sterilization of Dogs (and Cats) and Greater Attention to AnimalWelfare on Abaco Island in the Bahamas;Washington, DC, USA, 2001. Available online: https://www.hsi.org/wp-content/uploads/assets/pdfs/eng_dogs_on_abaco.pdf

25. Totton, S.C.;Wandeler, A.I.; Ribble, C.S.; Rosatte, R.C.; McEwen, S.A. Stray dog population health in Jodhpur, India in the wake of an animal birth control (ABC) program. Prev. Vet. Med. 2011, 98, 215–220.

26. Reese, J. Dogs and dog control in developing countries. In The State of the Animals; Salem, D., Rowan, A., Eds.; Humane Society Press: Washington, DC, USA, 2005; pp. 55–64.

27. Dalla Villa, P.; Kahn, S.; Stuardo, L.; Iannetti, L.; Di Nardo, A.; Serpell, J.A. Free-roaming dog control among OIE-member countries. Prev. Vet. Med. 2010, 97, 58–63. [PubMed]

28. Zawistowski, S.; Morris, J.; Salman, M.D.; Ruch-Gallie, R. Population dynamics, overpopulation, and the welfare of companion animals: New insights on old and new data. J. Appl. Anim. Welf. Sci. 1998, 1, 193–206. [PubMed]

29. Patronek, G.J.; Glickman, L.T.; Moyer, M.R. Population dynamics and the risk of euthanasia for dogs in an animal shelter. Anthrozoös 1995, 8, 31–43.

30. Ramirez, M. "My dog's just like me": Dog ownership as a gender display. Symb. Interact. 2006, 29, 373–391.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

31. Sandøe, P.; Jensen, J.B.; Jensen, F.; Nielsen, S.S. Shelters reflect but cannot solve underlying problems with relinquished and stray animals—A retrospective study of dogs and cats entering and leaving shelters in Denmark from 2004 to 2017. Animals 2019, 9, 765.

32. Lepper, M.; Kass, P.H.; Hart, L.A. Prediction of adoption versus euthanasia among dogs and cats in a California animal shelter. J. Appl. Anim. Welf. Sci. 2002, 5, 29–42.

33. Wenstrup, J.; Dowidchuk, A. Pet overpopulation: Data and measurement issues in shelters. J. Appl. Anim. Welf. Sci. 1999, 2, 303–319.

34. Marston, L.C.; Bennett, P.C.; Coleman, G.J. What happens to shelter dogs? An analysis of data for 1 year from three Australian shelters. J. Appl. Anim. Welf. Sci. 2004, 7, 27–47.

35. Protopopova, A.; Gilmour, A.J.; Weiss, R.H.; Shen, J.Y.; Wynne, C.D.L. The effects of social training and other factors on adoption success of shelter dogs. Appl. Anim. Behav. Sci. 2012, 142, 61–68.

36. Sternheim, I. How Holland Became Free of Stray Dogs. 2012. Available online: http://www.doctordog.nl/EN/DR_Dutch_Straydogs%5B1%5D.pdf

37. Reece, J.F.; Chawla, S.K.; Hiby, A.R. Decline in human dog-bite cases during a street dog sterilisation programme in Jaipur, India. Vet Rec. **2013**, 172, 473–477.

38. Peng, S.J.L.; Lee, L.Y.T.; Fei, A.C.Y. Shelter Animal Management and Trends in Taiwan. J. Appl. Anim. Welf. Sci. **2012**, 15, 346–357. [PubMed]

39. Morris, K.; Wolf, J.; Gies, D. Trends in intake and outcome data for animal shelters in Colorado, 2000 to 2007. J. Am. Vet. Med. Assoc. **2011**, 238, 329–336. [PubMed]

40. Ristea, A.M. Dynamic analysis for the management of stray dogs in Bucharest. Cinq Cont. **2013**, 3, 73–87.

41. International Companion Animal Management Coalition. Guidelines for the Design and Management of Animal Shelters. Available online: https://www.icam-coalition.org/wp-content/uploads/2017/03/Shelter-guidelines-English.pdf

42. Weiss, E.; Slater, M.; Lord, L. Frequency of lost dogs and cats in the United States and the methods used to locate them. Animals **2012**, 2, 301–315. [PubMed]

43. Kass, P.H.; Johnson, K.L.; Weng, H.Y. Evaluation of animal control measures on pet demographics in Santa Clara County, California, 1993–2006. Peer J. **2013**, 1, e18.

44. Protopopova, A.; Gunter, L. Adoption and relinquishment interventions at the animal shelter: A review. Anim. Welf. **2017**, 26, 35–48.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

45. Shelter Animals Count. Available online: https://www.shelteranimalscount.org/data-dashboards (accessed on 15 September 2022).

46. Greenwood, A. What's a 'no-kill' animal shelter? The answer is more complicated than it seems. Wash. Post **2017**. Available online:

https://www.washingtonpost.com/news/animalia/wp/2017/01/23/whats-a-no-kill-animal-shelter-the-answer-ismore-complicated-than-it-seems/

47. Hawes, S.; Kerrigan, J.; Morris, K. Factors informing outcomes for older cats and dogs in animal shelters. Animals **2018**, 8, 36.

48. Turken, N.; Carrillo, J.E.; Paul, A. The impacts of mergers, capacity expansion and adoptions on animal shelter performance: Aqueuing analysis. Eur. J. Oper. Res. **2021**, 292, 299–310.

49. Lord, E.;Widmar, N.O.; Litster, A. Economic impacts of adoption and fundraising strategies in animal shelters. Prev. Vet. Med. **2014**, 113, 423–429.

50. Weiss, E.; Gramann, S. A comparison of attachment levels of adopters of cats: Fee-based adoptions versus free adoptions. J. Appl. Anim. Welf. Sci. **2009**, 12, 360–370. [PubMed]

51. Winograd, N.J. Redemption: The Myth of Pet Overpopulation and the No Kill Revolution in America; Almaden Books: Los Angeles, CA,USA, 2009; pp. 1–257.

52. World Organization for Animal Health. New Initiative of the OIE to Control Stray Dog Population. Available online: https://www.woah.org/en/new-initiative-of-the-oie-to-control-stray-dog-population

53. Guilloux, A.G.; Panachão, L.I.; Alves, A.J.; Zetun, C.B.; Cassenote, A.J.; Dias, R.A. Stray dogs in urban fragments: Relation between population's perception of their presence and socio-demographic factors. Pesqui. Vet. Bras. **2018**, 38, 89–93.

54. International Companion Animal Management Coalition. Are We Making a Difference? A Guide to Monitoring and Evaluation of Dog Population Management Interventions. 2015. Available online: https://www.icam-coalition.org/wp-content/uploads/2017/03/Are-we-making-a-difference.pdf

55. Powell, S.; Hopma, A.; Bratovi´c, E. Estimating the number of stray dogs in the urban areas of Sarajevo and related survey of public opinion on stray dogs. Tech. Rep. **2012**, 1–43.

56. Parliament of Republic of Macedonia. Rule for the proclamation of the Law on the protection and welfare of the animals. Off. Gaz. Rep. Maced. **2014**, 149, 1–44. Available online: http://extwprlegs1.fao.org/docs/pdf/mac150716.pdf

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

57. Parliament of Republic of Macedonia. Law to amend and supplement the law on protection and animal welfare. Off. Gaz. Rep. Maced. **2015**, 149, 1–3. Available online: http://extwprlegs1.fao.org/docs/pdf/mac150717.pdf

58. Parliament of Republic of Macedonia. Animal protection and welfare law. Off. Gaz. Rep. Maced. **2007**, 113, 1–36. Available online:

http://extwprlegs1.fao.org/docs/pdf/mac150712.pdf

59. European Commission. Guide to Cost-Benefit Analysis of Investment Projects 2014–2020. Economic Appraisal Tool for Cohesion Policy. 2015. Available online:

https://ec.europa.eu/regional_policy/sources/docgener/studies/pdf/cba_guide.pdf

60. Harvey, D.N. How Old Is My Dog? Identification of Rational Age Groupings in Pet Dogs Based upon Normative Age-Linked Processes. Front. Vet. Sci. **2021**, 8, 643085.

61. Coates, J. How Long Do Dogs Live? Available online: https://www.petmd.com/dog/wellness/evr_dg_how_long_do_dogs_live

62. International Road Assessment Program. The True Cost of Road Accidents-Valuing Life and the Cost of a Serious Injury. 2016. Available online: https://irap.org/2016/12/upload_file_specification/

63. European Commission. Update of the Handbook on External Costs of Transport. 2014. Available online: https://ec.europa.eu/transport/sites/transport/files/themes/sustainable/studies/doc/2014-handbook-external-coststransport.pdf

64. World Health Organization. Control of Leishmaniasis. Available online: https://apps.who.int/gb/archive/pdf_files/WHA60/A60_10-en.pdf

65. World Health Organization, Echinococcosis. Available online: https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/echinococcosis

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Паршизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

I. Општ дел

1) Управување и заштита на благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот – ЗАКОНСКА РАМКА

Решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, се базира на одредбите содржани во членовите 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните (,,Службен весник на Република Македонија`` бр. 149/14; 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

На страната на Агенцијата за храна и ветеринарство се објавени и правилниците кои се Законска рамка на Законот за заштита и благосостојба на животните кои може да се најдат на следната web.страна:

https://fva.gov.mk/mk/zakon-zastita-blagosostojba-zivotni-pravilnici-odluki#a-zakon

- 2021-225 Правилник за начинот на постапување со животните за време на убивање
- 2021-224 Правилник за престанување на важењето на правилникот за начинот на постапување со животните за време на убивање
- 2021-109 Правилник за начинот на спроведување и содржината на обуката за сопствениците на опасни кучиња
- 2021-44 Правилник за начинот на овластување на лица кои го спроведуваат тестот за социјализација на куче и формата и содржината на барањето за добивање на овластување
- 2021-44 Правилник за начинот на спроведување на тестот за социјализација на куче
- 2021-44 Правилник за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и

содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта

- 2021-44 Правилник за престанување на важењето на правилникот за техничките услови за прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназија, начинот на водење на евиденцијата и начинот на вршење надзор, формата и содржината на регистарот и начинот на регистрација, како и информациите потребни за регистрација
- 2018-51 Правилник за постапката за именување и разрешување на членовите на комисијата за заштита и благосостојба на животните,содржината на деловникот за работа на комисијата и висината на надоместокот за работа на комисијата
- 2017-4 Правилник за заштита и благосостојба на животните за време на превоз
- 2017-3 Правилник за заштита и благосостојба на животните кои се држат за фармски цели
- 2015-190 Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог
- 2013-24 Правилник за начинот за регистрација, формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на одгледувалишта, формата и содржината на картата за идентификација на одгледувалиштето, начинот на пријавување и евидентирање на промените на одгледувалиштето и одгледувачот како и видовите на други животни

2) АКТУЕЛНА СОСТОЈБА СО КУЧИЊА СКИТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУГА



АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664




https://www.youtube.com/watch?v=RCmGmZZw3V8



АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

https://tvm.mk/news/struga/devojka-iskasana-od-kucinja-skitnici-vo-struga/



неформална активистка за заштита на животни

Девојка искасана од кучиња скитници во Струга

Според информациите девојката ја нападнале 6 кучиња скитници. Едното куче ја каснало за нозете нанесувајќи ѝ длабоки рани со крварење, а другото ја искасало за рака, при што се здобила со видливи повреди.

ЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Согласно добиените податоци од страна на Општина Струга, во периодот од 2021-2025 година се евидентирани 28 спорови пред Основен суд поради каснувања од кучиња кои се со проценета штета (вредност на спор) од околу 75.000 – 85.000 денари по спор, но заедно со процесни трошоци, камати и слично општината ја чинат помеѓу 100-185.000 денари согласно доставениот преглед. Во прегледот, има почетни вредности на спорот, како и износ кој се платил преку извршно решение а овој износ покрај главен долг вклучува и други трошоци и тоа адвокатски, судски, проценителски, вештачења и слично. Покрај наведените 28 предмети имало уште 2 за кои не е утврден почетен главен долг. Бројот на каснувања не е точно утврден но се смета дека во една година не е помал од 80 каснувања од кои само дел 30% завршуваат како судски спорови.

Прегледот е:

Период - 2021-2025		
	Вредност на спор	Извршно решение
1	75.000	135.050
2	55.000	104.060
3	85.000	120.612
4	82.270	127.170
5	75.000	165.700
6	80.000	127.000
7	55.000	102.920
8	75.000	112.480
9	80.000	128.460
10	60.000	108.482
11	75.000	110.200
12	70.000	143.156
13	110.000	185.935
14	80.000	152.016
15	80.000	150.773
Вкупно	**1.137.270**	**1.974.014**
	%	**57,6%**
16	75.000	
17	110.000	
18	180.000	
19	300.000	
20	160.000	
21	110.000	
22	110.000	
23	110.000	
24	100.000	
25	100.000	
26	300.000	
27	100.000	
28	130.000	Очекуван износ – 42,4 % плус
Вкупно	**1.885.000**	**2.684.240**
	3.022.270	**4.658.254**
Очекувана штета		4.658.254

Соодветно на наведеното, на годишно ниво заокружена штета по буџетот на Општина Струга е некаде околу 1 милион денари по основ на спорови за каснувања од кучиња.

Дополнително, погледната е и статистиката за возила при што фокусот е и на патничките возила во југозападниот регион која бележи зголемување на бројот на возила на секои 1000 жители. Во само 4 години, бројот на возила е зголемен за 47% односно од просечно 22,2 возила во 2024 година имало 32,7 возила.

	2020 Патнички автомобили/1000 жители	**2021 Патнички автомобили/1000 жители**	**2022 Патнички автомобили/1000 жители**	**2023 Патнички автомобили/1000 жители**	**2024 Патнички автомобили/1000 жители**
Југозападен	**22,2**	**28,0**	**29,6**	**31,2**	**32,7**

Од друга страна, статистиката за сообраќајни прекршоци на ниво на Република Македонија кажува дека бројот на сообраќајни несреќи е зголемен од 5.866 во 2020 на 7.298 во 2024 година. Југозападниот регион учествува со околу 20% од сообраќајните несреќи.

Број на сообраќајни незгоди во РСМ

	2020	**2021**	**2022**	**2023**	**2024**
Сообраќајни незгоди	3696	4069	3951	4274	4526
Настрадани лица	..	..	..	..	..
загинати лица, се	125	116	124	127	142
Потешко и полесно повредени лица	5741	6659	6296	6978	7156
Вкупно	**5.866**	**6.775**	**6.420**	**7.105**	**7.298**

Нема јавно достапна точна статистика за градот Струга, но согласно согледувања и одредени пишувања, на годишно ниво просечно околу **15 сообраќајни несерќи се поради удар во улично куче со штета во просек од по 3.000 еур односно 35.000 еур годишно, кои се во принцип на товар на Осигурителните компании, Македонија Пат и слично.**

Согласно увидот во регистарот на Агенцијата за храна и Ветеринарство, во Република Северна Македонија има 31 регистрирано прифатилиште од кои најблиските прифатилишта се во Битола и Кичево, односно околу 100км од градот Струга. Прилог листа на прифатилишта: Извор на податоци: Регистар на Агенција за Храна и Ветеринарство

Одобрени прифатилишта за бездомни кучиња					
Ред Бр	**Населено место**	**Рег.број на прифатилиштето**	**Во сопственост на**	**капацитет**	**забелешка**
1	Куманово	КУ-ПК-0002	ВСЦ Тодор Велков – Куманово	65 кучиња	
2	Неготино	НЕ-ПК-0003	Ветеринарна станица Неготино	24 кучиња	
3	Велес	ВЕ-ПК-0004	Ветеринарна станица Велес	10 кучиња	
4	Делчево	ДЕ-ПК-0006	Ветеринарна станица Здравје- Делчево	4 кучиња	Решение УП - I бр. 24-1335/2 од 25.05.2023, за ВРЕМЕНО ПОВЛЕКУВАЊЕ на Решение за регистрација на објект -

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Одобрени прифатилишта за бездомни кучиња					
Ред Бр	Населено место	Рег.број на прифатилиштето	Во сопственост на	капацитет	забелешка
					прифатилиште
5	Богданци	БО-ПК-007	Ветеринарна клиника Анри Вет	10 кучиња	
6	Куманово	КУ-ПК-008	Ветеринарна клиника Ино Вет ДООЕЛ Куманово	23 кучиња во поединечни боксови; 40 кучиња групни (за држење) боксови	
7	Велес/Чашка	ВЕ-ПК-009	Гиовски тим	10 кучиња	
8	Прилеп	ПП-ПК-0010	ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПРИЛЕП	11 кучиња	
9	Штип	ШТ -ПК-0011	сопственост на општина Штип	18 кучиња	Решение УП - I бр. 11-5234 од 23.11.2021, за ВРЕМЕНО ПОВЛЕКУВАЊЕ на Решение за одобрување на Прифатилиште
10	Демир Хисар	ДХ-ПК-0012	Ветеринарно друштво Зебра Ветерина ДОО	11 кучиња	
11	Кичево	КИ-ПК-0013	Ветеринарно друштво Центар Кичево	8 кучиња	
12	Тетово	ТЕ-ПК-0014	Ветеринарно друштво Док и Кет Тетово	20 кучиња	важност до 01.01.2024
13	Скопје	СК-ПК-0015	Ветеринарна Амбуланта Винивет Плус н. Илинден, Скопје	17 кучиња	
14	Битола	БТ-ПК-0016	Проветалек дооел	10 кучиња	
15	Скопје	СК-ПК-0017	ЈП Лајка Скопје	30 кучиња во простории за прием; 60 кучиња во простории за држење; 30 кучиња во простории за изолација-карантин; 20 кучиња во простории за пост оперативна нега; ВКУПНО 140 КУЧИЊА	
16	Виница	ВИ-ПК-0020	Ветеринарна Станица ДООЕЛ Виница	5 кучиња	
17	Скопје	СК-ПК-0021	ДУ Ветеринарна Амбуланта Вет Медика Зови дооел, Скопје	4 кучиња	Решение УП - I бр. 10-3026/2 од 10.11.2023, за ВРЕМЕНО ПОВЛЕКУВАЊЕ на Решение за одобрување на Прифатилиште
18	Скопје	СК-ПК-0022	ЗЗЖ ХАППИ ШЕЛТЕР Скопје	6 кучиња	
19	Демир Хисар	ДХ-ПК-0023	ДВДТУ Зебра Ветерина увоз-извоз ДОО, Демир Хисар	23 кучиња	
20	Струмица	СК-ПК-0025	ЈПЗБК СТАЦИОНАР-ЛАНА Струмица	44 кучиња	
21	Скопје	СК-ПК-0026	ДПУ ВЕТ ТИМ ДООЕЛ Скопје	6 кучиња	Решение за укинување на Решение за одобрување на прифтилиште број 11-1451/2 од 22.04.2025
22	Прилеп	ПП-ПК-0027	ДПУТТ Прилепски Текстилен Конзорциум	13 кучиња	
23	Штип	ШТ-ПК-0028	ВД Гоче и Цоле ДОО Штип	6 кучиња	
24	Кичево	КИ-ПК-0029	Ветеринарно друштво Центар Кичево	18 кучиња	
25	Гевгелија	ГЕ-ПК-0030	ЈПКД Комуналец Гевгелија	13 кучиња	
26	Скопје	СК- ПК- 0031	ЗЗЖ Феникс Петс Скопје	36 кучиња	
27	Битола	БТ- ПК- 0032	Општина Битола	55 кучиња	
28	Тетово	ТЕ- ПК- 0033	ДГБК АНА АГРО ДООЕЛ, Тетово	10 кучиња	
29	Крива Паланка	КП-ПК-0034	ДПТУ Домазетски Вет ДООЕЛ увоз-извоз Крива Паланка	15 кучиња	Решение за укинување на Решение за одобрување на прифтилиште број 10-2488/1 од 25.07.2025
30	Скопје	СК- ПК- 0035	ДПТУ АМСА - ВЕТ - САМЕТ дооел, Скопје	18 кучиња	
31	Кавадарци	КА- ПК- 0036	ЗЈП СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци	62 кучиња	

Соодветно на наведеното градот Струга нема прифатилиште за бездомни кучиња.

Во недостаток на официјални податоци по однос на претходна состојба, со цел изготвување на оваа физибилити студија решивме да ги изброиме кучињата користејќи ја методологијата дизајнирана за броење кучиња во улични истражувања. Оваа методологија вклучува одредување на густината на популацијата и нејзиниот состав преку директно набљудување на кучињата. Густината на популацијата се изразува со бројот на кучиња на километар улица. Броењето го вршеа четири лица во текот на девет последователни дена, во раните утрински часови, а беше завршено во Декември

2025 година. Врз основа на собраните податоци, заклучуваме дека бројот на кучиња што талкаат во раните утрински часови во Градот Струга и околните населени места е 610 (по места: Струга, 366; Мислешево, 42; Калишта, 25; Езерски лозја, 31; Враништа, 23; Велешта, 41; Лабуништа, 52; Дрслајца 30.

Интензивното броење на кучиња е тешко во однос на времето и ресурсите. За време на броењето, одреден број кучиња останууваат невидени, а имајќи предвид дека околните населени места дел се рурални, нашата проценка е дека има до **30% плус** кучињата кои не се видени за време на броењето а се и во околните села во кои не е спроведено броење. Дел од нив (по слободна процена 25%) се обележани со ушни маркици, значи биле заловени во некој период. Со тоа, вкупната бројка би била 793 кучиња.

Согласно информациите од Општина Струга, Општината секоја година распишува јавна набавка за **Заловување и хуман третман на кучиња скитници** при со буџет од околу **500.000 денари на годишно ниво**, со што бројот на заловени кучиња варира низ годините, а во просек изнесува околу 13-24 кучиња на годишно ниво. Соодветно на наведеното, досегашната стратегија за справување со проблемот не е ефективна.

3) Дефинирање на видот на договорот и на моделот на јавно приватното партнерство;

Со цел решавање на наведениот проблем, препорачан е Договор за ЈПП за изградба на стационар и заловување на општина Струга.

Како што е наведено, целта е да се имплементира оптимално техничко и економско решение што ќе резултира со намален број на бездомни кучиња, намален број на сообраќајни несреќи, намалени загуби по буџетот на Општина Струга од судски спорови поради каснувања од кучиња, намален отпад, подобра чистота, безбедност и задржување на приматот на градот Струга како еден од најголемите туристички центри во Република Северна Македонија. Општината за спроведување на ЈПП мора да ги почитува Законот за благосостојба на животните, Законот за јавни набавки и Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Компанијата е должена да дејствува согласно со законот, техничките и други прописи при изведба и спроведување на целокупната инвестиција.

Помеѓу договорните страни Општината и Компанијата би се спроведувал и Законот за облигациони односи.

Правната рамка за јавно-приватно партнерство содржана е во Законот за концесии и јавно приватно партнерство со кој се уредува доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство (ЈПП), правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Предложената постапка за доделување на договор за ЈПП е дизајнирана за реализиарање на ЈПП, со критериуми за остварување на интересите на двата партнери, општината и приватниот инвеститор. Со одлуката за усвојување на студијата и одлуката за отпочнување на постапка за доделување на договор за ЈПП завршува подготвителната фаза во реализирањето на потфатот преку јавно-приватно партнерство.

Законот за концесии и јавно приватно партнерство го дефинира овој поим како форма на договорно регулирана, долгорочна соработка меѓу јавниот и приватниот партнер. При овој тип на соработка приватниот партнер ја превзема обврската да обезбеди јавна услуга за крајните корисници во области од надлежност на јавниот партнер. За исполнување на оваа обврска приватниот партнер може да користи различни комбинации за исполнување на целта на договорот, се со цел за искористување на капиталот и способноста на приватниот сектор при обезбедување на инфраструктурни или јавни услуги. Овие комбинации на ЈПП, ако се стручно и успешно аплицирани, го зголемуваат квалитетот и ефективноста на јавните услуги. Тие го забрзуваат реализирањето на инфраструктурните проекти со позитивно влијание врз развојот на локалната економија.

Основата на ЈПП проектот е долгогодишен договорен однос (најмногу до 35 години). Секој партнер превзема одговорност за ризиците кои можат да настанат во неговата сфера на влијание или одговорноста се дели со цел постигнување на оптимално управување со ризиците за времетрањето на партнерството. Во таа смисла, се користат управувачките, технички, финансиски и иновациски способности на приватниот партнер, како и размена на знаење и искуство меѓу јавниот и приватниот партнер. Јавниот партнер пак, може да пренесе одредени стварни права на приватниот партнер, неопходни за извршување на договорните обврски.

При реализација на проектот во форма на соработка на јавниот и приватниот партнер има редица на обострани ризици, како на пример: а) ризик од

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

BOO („Build, Ownership, Operate") – приватниот партнер ќе обезбеди финансирање, изградба и трајно ја поседува и работи со инфрастуктурата. Јавните ограничувања се дефинирани во договорот и преку важечката законска регулатива. Оваа форма многу ретко се сретнува во пракса.

Модел на договор – Изградба на стационар од приватен субјект

Се работи за варијанта кога инвестиционите средства за изградба на стационар ги обезбедува приватниот субјект, работите ги реализира сам или од негова страна изнајмена стручна фирма, во одреден временски период управува и ја одржува опремата и после завршувањето на Договорот истата останува во негова сопственост. Во текот на целиот концесиски период приватниот партнер е корисник на приходот утврден при јавна набавка и избор на партнер за склучување на договор за јавно приватно партнерство.

Основни предуслови на варијантата	Опис
Концедент	*Општина Струга*
Корисник на проектот	*Општина Струга*
Управување со проектот после неговата имплементација	*Приватен партнер*
Финансирање	*Приватен партнер*
Замена и одржување	*Приватен партнер*
Процес на изборот на партнер	*Според постоечкиот закон за концесии и јавно приватно партнерство, и законот за јавни набавки*
Договорен однос	*Договор за концесија*
Механизам за плаќање	*Од средства на приватниот партнер се врши набавка. Приватниот партнер е корисник на фиксен + варијабилен приход утврден при склучување на договор за концесија.*

Предности и недостатоци на моделот

Како основни предности на овој модел на реализација на проектот се:

- Оптимизирани и намалени трошоци без ограничување на капитал и know-how;
- Целокупната инвестиција за изградба е одговорност на приватниот оператор;
- Можност за надзор врз проектот од страна на јавниот партнер;

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

- Зголемување на квалитетот на услугата при пониски трошоци;
- Пренос на ризикот на субјект кој знае подобро да се справи со него;
- Намалување на злоупотребите поради причина "каснување од куче";
- Можност да се реализира проектот во ситуација на недостиг на буџетски средства за инвестирање;

Како негови недостатоци се сметаат:

- Сериозни подготовки за започнување и одвивање на целата процедура;
- Крајната одговорност сепак останува кај јавниот партнер;
- Неможност да се гарантира дека Општината нема да има правни спорови за лица кои би биле каснати од кучиња;
- Договорната обврска е долгорочна (до 35 години максимум)

II. ПРАВЕН ДЕЛ

1) Анализа на законската рамка која го уредува начинот и условите на вршење на јавната услуга

При подготовка на проектната документација и реализација на проектот, Инвеститорот треба да го следи националното и ЕУ законодавство релевантно за проектот.

Релевантното национално законодавство и соодветните евентуални измени:

- Закон за животна средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/2005, 81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018; 176/2021; 216/2021; 89/2022; 99/2022; 171/2022);
- Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник бр.74/05, измени и дополнувања, 109/2009; 164/2012; 202/2016; 175/2022);
- Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за ОВЖС (Службен весник бр. 33/06);
- Правилник за информациите што треба да ги содржи известувањето за намерата за изведување на проектот и постапката за утврдување на потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на РМ бр. 33/06);

- Правилник за содржината на објавата на известувањето за намерата за спроведување на проект, на решението за потребата од оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина и на решението со кое се дава согласност или се одбива спроведувањето на проектот, како и начин на консултирање на јавноста (Службен весник бр.33/06);
- Правилник за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на проектот врз животната средина, како и постапката за овластување на лицата од листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина, кои ќе го изготват извештајот (Службен весник бр.33/06);
- Уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина („Сл. весник на РМ" бр. 80/2009, 36/2012 и 233/2022);
- Правилникот за форма и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина, согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и согласно вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапка за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистарот за одобрени елаборати („Сл.весник на РМ" бр. 44/13 и 111/2014);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М бр. 51/05; измени 137/07 и 24/08-пречистен текст, 91/09; измени планирање 32/2020, 111/2023; 73/2024; 171/2024; 224/2024);
- Правилник за урбанистичко планирање 225/2020, 219/2021; 104/2022; 99/2023);
- Правилник за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари 26/2018);
- Закон за градење (Службен весник на РМ бр. 51/05; измени 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 163/13, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14 и 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018; 64/2018; 168/2018; 244/2019; 18/2020; 279/2020, 96/2021; 227/2022; 111/2023; 115/2023; 224/2024; 224/2024);
- Закон за управување со отпад, 216/2021 и 107/2024;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување, 215/2021,

- Закон за води (Службен весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14 и 146/15, 52/2016; 151/2021; 99/2022);
- Закон за заштита на природата (Службен весник на РМ бр. 67/06, 16/06, 84/07, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 63/2016; 113/2018; 151/2021; 99/2022) и подзаконските акти на Натура 2000 и Емералд мрежата;
- Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016; 83/2018; 215/2021),
- Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/2016; 11/2018; 20/2019);
- Релевантни Директиви на ЕУ (вклучувајќи ги најновите измени):
- Директива за ОВЖС (85/337/ЕЕС) дополнета со Директива на ЕУ 97/11/ЕС, Директива на ЕУ 2003/35/ЕС, Директива на ЕУ 2009/31/ЕС;
- Директива за пристап до информации за животната средина (2003/4/ЕС);
- Директива за учество на јавноста во поглед на изготвувањето на одредени планови и програми кои се однесуваат на животната средина и дополнување во однос на учеството на јавноста и пристап до правдата Директивите на Советот 85/337/ЕЕС и 96/61/ЕС (2003/35/ЕС);
- Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда во областите на животната средина (Архуска конвенција);
- Рамковна директива за отпад 2006/12/ЕС дополнета со Директивата на ЕУ 2008/98/ЕС за управување со отпад;
- Одлука на Комисијата 2000/532/ЕС од 3 мај 2000 година, која ја заменува Одлуката 94/3/ЕС за утврдување на листата на отпади во согласност со член 1 (а) од Директивата на Советот 75/442/ЕЕС за отпад и Одлука на Советот 94/904/ЕС која изготвува листа на опасен отпад во согласност со член 1 (4) од Директивата на Советот 91/689/ЕЕС за опасен отпад;
- Директивата 1999/31/ЕО од 26 април 1999 година за депонии за отпад
- Директива 2000/76/Е3 на Европскиот парламент и на Советот од 4 декември 2000 година за горење на отпадот;
- Директива на европскиот парламент и совет 94/62/ЕС за пакување и отпад од пакување;
- Директива 2006/66/ЕО на Европскиот парламент и на Советот од 6 септември 2006 година за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕС;

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

- Директива 2002/96/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 27 јануари 2003 година за отпадна електрична и електронска опрема;
- Директива 2002/95/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 27 јануари 2003 година за ограничување на употребата на одредени опасни супстанции во електричната и електронската опрема;
- Директива на ЕУ 2001/60/ЕС - Рамковна директива и Одлука за води и 2455/2001/ЕС која го утврдува списокот на приоритетни супстанции во доменот на политиката за водата;
- Директива на ЕУ 2008/105/ЕС за еколошките стандарди за квалитет во доменот на политиката за вода;
- Директива 80/68/ЕЕС за заштита на подземните води од загадување предизвикано од одредени опасни супстанции;
- Директива на ЕУ 2002/49/ЕС за оценување и управување со бучавата во животната средина;
- Директива на ЕУ 2000/14/ЕС за емисии на бучава од надворешна опрема;
- Рамковна директива за квалитет на амбиентниот воздух (96/62/ЕС) дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003;
- Директива за бензен и јаглерод моноксид (2000/69/ЕС);
- Директива 2002/3/ЕС за озон во а амбиентниот воздух;
- Директива на ЕУ (1999/30/ЕС) за крајните вредности за сулфур диоксид, азот диоксид и азотни оксиди, суспендирани честички и олово во амбиентниот воздух;
- Рамковна конвенција на Обединетите нации за климатските промени (Њујорк, 9 мај 1992);
- Протокол од Кјото за климатските промени (Кјото, декември 1997 година);
- Директива 89/654/ЕЕС за барањата на работното место во врска со минималните безбедносни и здравствени услови за работното место (прва поединечна директива во рамките на значењето на член 16 (1) од Директивата 89/391/ЕЕС);
- Директива (2003/10/ЕС) за минимум здравствени и безбедносни барања во однос на изложеност на работниците на ризици од физички агенси (бучава) (6 февруари 2003);
- Директива 1989/391/ЕЕС за воведување на мерки за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците на работа;
- И други позитивни законски прописи кои ја уредуваат наведената бранша.

III. Технички дел

1) Општа техничка анализа на моментална состојба

Согласно наведеното односно констатираното во Општиот дел, Општина Струга нема стационар па соодветно нема ниту технички услови за анализа.

2) Техничко-технолошки карактеристики

За оваа проблематика постои и регулатива која го обработува ова подрачје преточена во Законот за заштита и благосостојба на животните и Правилникот за техничките услови за прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата, постапките за еутаназијата, начинот на водење на евиденција и начинот на вршење надзор, формата и содржината на регистарот и начинот на регистрација, како и информациите потребни за регистрација/

Во оваа регулатива опишана е надлежноста за вршење на заловување на бездомни кучиња и нерегистрирани кучиња и начинот на нивно прививремено сместување во соодветни објекти-прифатилишта.

За контрола на популацијата на бездомни кучиња согласно законот се дозволени следните методи:

- Кучињата привремено сместени во прифатилиштата ќе се држат доволно време да се исцрпат сите можности за посвојување. Во случај кога посвојувањето е невозможно, или кога кучињата очигледно патат или се болни и можат да претставуваат сериозна опасност за здравјето на животните или луѓето, тие ќе бидат убиени со средства на хумана еутаназија извршена од доктори по ветеринарна медицина.

- Кучињата привремено сместени во прифатилиштата можат да бидат кастрирани, односно оjаловени, здравствено третирани, превентивно заштитени согласно со прописите од областа на ветеринарното здравство и повторно вратени во реонот од каде што биле заловени. Во таков случај, бездомните кучиња ќе бидат соодветно трајно и видливо обележани на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Минималниот период за исцрпување на можноста за вдомување изнасува 30 дена.

Со оглед на тоа дека методот „Залови, стелиризај, вакцинирај и врати" е веќе докажан и дека ги задоволува сите аспекти почнувајќи од здравјето и заштитата на

луѓето како и заштитата и благосостојбата на животните се препорачува како метод на контрола на популација на бездомните кучиња.

За да се имплементираат законските одреби потребно е да се изгради прифатилиште за бездомните кучиња.

Прифатилиштето треба да ги исполни минимум условите кои се пропишани со Правилникот. Подложи на регистрација и одобрување од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

По добивање на одобрението прифатилиштето може да ги врши своите активности. Општината може да склучи договор со некое веќе регистрирано и одобрено прифатилиште.

Темел на квалитетна и успешна контрола на популација на бездомните кучиња на територија на еден град или населено место е спроведување на проценка на популација на кучињата кои гравитираат на тоа подрачје.

Суштината е во тоа да се види со колкав проблем се соочува градот и каква стратегија би се применила за контрола на популацијата на бездомните кучиња, а што е од особено значење би се знаело какво прифатилиште би се изградило, со колкав капацитет, колку персонал би бил потребен како и каква и колку опрема би била потребна, така да трошоците за спроведување на програмата би се оптимизирале а секако и резултатите би биле подобри.

При директната опсервација и броење на кучињата се доаѓа не само до бројот на кучињата туку и половата застапеност, старосната граница, индикаторите на благосостојбата (проблеми со локомоторниот тракт, промени на кожата итн) и како најбитна компонента се врши дистинкција помеѓу вистинските кучиња скитници-оние кои немаат сопственик и кучињата со сопственик кои имаат пристап до јавни површини кои всушност се репродуктивно најспособни за размножување бидејќи истите се во добра кондиција и добро здравје.

Со истражувањето на јавното мислење се доаѓа до многу значајни и квалитетни податоци за ставовите и навиките на населението во поглед на бездомните кучиња и домашните миленици а од тоа може да се донесе заклучок каква програма да се имплементира за контрола на популацијата на бездомните кучиња во тоа подрачје.

Постојат бројни организации кои со своите активности придонесуваат за успешно реализирање на програмата за контрола на популацијата на кучињата.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Денес бездомните кучиња се соочуваат со бројни проблеми со поврзани со нивната благосостојба, како што се: неисхранетост, болести, повреди од возила, повреди од борби помеѓу кучињата и повреди од насилно однесување на луѓето.

Обидите за контрола на популацијата на бездомните кучиња може, исто така, да ја загрозува нивната благосостојбата преку: користење нехумани методи за убивање (труења, струјни удари или давење), сурови методи за заловување и несоодветни објекти за згрижување и нивно менаџирање.

Токму затоа одговорните лица за грижа на животните во прифатилиштата треба да имаат соодветна обука во поглед на хранењето, напојувањето, негата однесувањето и пристапот кон животните.

Една од целите на оваа брошура е да претставува водич за вработените во прифатилиштата кои треба да обезбедат животните:

- да не се изложуваат на физичка болка и страв;
- да не се изложуваат на глад и жед;
- да се заштитени од болка, повреда или болест;
- да им се овозможи изразување на нормално однесување;
- да се заштитени од неудобност и да се сместени во средина која е соодветна за нивниот вид;

Фокусот е ставен на одредени области на работа како што се методите за заловување, транспорт, евидентирање, сместување и манипулација во објектите.

Посебен осврт е даден на постапката на евтаназија која треба да биде изведена на начин со кој животното нема да биде подложено на болка и страдање. Евтаназијата треба да е едноставна, лесна за изведување, безбедна за персоналот кој ги применува и соодветна за видовите животни кои се евтаназираат.

Заловување на кучињата

- Заловување на кучињата е неопходно да се врши од страна на обучен тим, кој пред самото заловување ќе разработи соодветна тактика за пристап и техника на заловување на кучињата на места кои нема да претставуваат опасност за кучињата, граѓаните кои би се нашне во близина и околниот сообраќај. Техниката која ќе се одбере за заловување на кучињата зависи од местото на заловување, социјализацијата на кучето со луѓето и од самиот карактер на кучето;

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

- Опремата за заловување која ќе ја одбере тимот на заловувачи пожелно е да одговара на тактиката и техниката која е одбрана за заловување. Тимот за заловување треба да биде добро обучен за користење на опремата, одржување на опремата, а проверка на опремата пожелно е да се врши пред секое заловување. Избирањето на опрема за заловување зависи и од проценката на карактерот на кучињата, нивната здравствена и физиолошка состојба, социјализацијата на кучињата и самиот избор на местото на заловување;

- Хемиското заловување треба да се користи само во посебни услови кај агресивни кучиња со голема

претпазливост да не се предизвика зголемена агресивност кај кучето што би довело до загрозување на животот на самото куче, луѓето кои се наоѓаат во непосредна близина или загрозување на сообраќајот во непосредната близина на местото на заловување.

Транспорт на кучињата

- Оптимални услови за транспорт се спроведуваат преку обезбедување на соодбетно возило за транспорт на кучиња по нивното заловување. Добро дизајнирано возило дава поголема безбедност за заловувачите при внесувањето и изнесувањето на кучињата. Заловените кучиња треба во најкраток временски рок да се донесат во стационарот, а притоа во возилото треба да бидат заштитени од временски услови и од ситуации кои можат да го зголемат нивниот стрес и агресивност. Возилото треба редовно да се чисти и дезинфицира бидејќи претставува можен извор на зарази.

- Манипулацијата со кучињата при транспортот е процедура каде што заловувачот треба да внимава на својата лична безбедност и безбедноста на транспортираните кучиња. Имајќи ја предвид природата на однесувањето на кучињата за време на заловувањето и транспортот, препорачливо е да се носат заштитни ракавици, кафезите да се безбедно затворени и просторот за заловувачите да е физички одвоен од просторот за транспортираните кучиња. Транспортните кафези треба да се чисти, дезинфицирани и без остри ивици за безбеден транспорт на кучињата.

Евиденција на заловените кучиња

- Евиденција при заловување: добри евиденциони постапки претставуваат еден од основните елементи за адекватно функционирање на стационарите за бездомни кучиња. Евиденцијата при заловување треба да содржи повеќе информации како што се време и датум на заловување, место каде е заловено, опис на кучето, лице кои го

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

заловило и начин на заловувење. Овие податоци секогаш треба да се надополнуваат кога животните се сместени во стационарот;

- Евиденција при прием: оваа евиденција секогаш треба да се спроведе во присуство на ветеринарен доктор, кој треба да ја дополни со податоци кои се однесуваат на кондиција на животното, надворешни знаци и карактеристики, евентуални клинички знаци на заболување или повреди. Секако дека основните идентификациони податоци за секое животно претставуваат дел од евиденцијата при приемот.

- Методи на привремено обележување: привременото обележување на кучињата во стационарот е со цел да се идентификува животното во текот на спроведување на основните постапки. Тоа може да се спроведе најчесто со околувратници со различна боја и плочки а содржат основни информации. Околувратниците со различна боја може да ги користиме при одредување на степенот на агресивност кај кучиња (пр. црвени околувратници за агресивни кучиња). Привремените обележја на кучињата се користат се додека животните не се отстранат или ослободат од стационарот.

- Методи на трајно обележување: постојат низа методи кои може да се применат за трајно обележување. Секоја држава може да пропише услови за вршење на трајно обележување.

Основно е да тоа биде лесно применливо, со единствен број за идентификација преку кој може лесно да се следат основните епизоотиолошки податоци за индивидиута.

- Оперативни постапки во стационарот:

Исхрана на животните: за време на сместувањето на кучињата треба да им се обезбеди квалитетна исхрана соодветна на нивните потреби. Кога и да е тоа можно, треба да им се дава сува храна. Кучињата треба да добијат еден до два оброка дневно. Секое јадење од свежо месо или животински отпадоци треба да биде термички обработено. Потребен е совет од ветеринар за режимите на исхрана и хранење за одредени групи на кучиња: возрасни, млади, болни, како и за женки кои се бремени или се во лактација.

Дезинфекција на опремата: секој стационар треба да биде снабден со опрема која е адекватна за намената и генерално опремата може да биде подвижна и неподвижна. Главни особини на секоја опрема да биде лесно прилагодлива за работните услови, да не предизвикува штетни дејства врз кучињата и да лесно се

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

дезинфицира. При дезинфекција,со различни средства, опремата не смее да претрпи било какви оштетувања;

- **Манипулација со животните:** вработените во стационарот кои редовно или повремено доаѓаат во контакт со заловените кучиња, потребно да имаат основни познавања за однесувањето на животните во различни ситуации. Однесувањето на персоналот треба да се прилагодува зависно од состојбата во која се наоѓаат животните. Генерално, вработените со своето однесување при манипулацијата со животните, во сите делови од стационарот не треба да предизвикаат непотребно возбудување, страдање и особено болка. Правилната манипулација со животните во стационарот, покрај задоволителното ниво на благосостојба, ќе обезбеди и соодветна заштита на персоналот од несакани повреди и заболувања.

- **Принципи и правила за евтаназија на бездомни кучиња:**

Евтаназија преставува процедура за хумана смрт пропратена со минимална болка и страдање на животните. Евтаназијата опфаќа повеќе методи и техники кои треба да овозможат сигурна и безболна смрт кај животните. Целта на евтаназијата е брзо губење на свеста кај животните пропратено со престанок на работата на срцето односно прекин на дишењето со последователна дисфункцијата на мозокот на начин кој овозможува брза и безболна смрт кај животното. Евтаназијата се применува кај кучиња кои страдаат и имаат силни болки, многу се исцрпени односно кога истите боледуваат од неизлечлива болест или се физички повредени до тој степен кој оневозможува нивен третман.

Исто така евтаназијата се применува и кај бездомните кучиња кои се непогодни за средината во која живеат најчесто поради лошиот темперамент или пак имаат промени во физичкиот изглед кој оневозможува ниво вдомување во прифатилишта и семејства. Правилата за евтаназија треба да ги задоволуваат минималните потреби за соодветно нејзино изведување, иако не постои практичен "рецепт" за примена на евтаназија која целосно ги задоволува критериумите за нејзино изведување.

Сепак вештината на извршителот и условите при работата се најважни критериуми за правилно изведување на евтаназијата. При евтаназијата на кучињата мора да се земе во предвид и природата на животното кое треба да се усмрти. Исто така естетските, безбедносни и законски аспекти кои се однесуваат на евтаназијата треба во целост да бидат запазени.

Средствата кои предизвикуваат смрт со директна или индиректна хипоксија треба да се предизвикаат: брзо губење на свеста кај животните, брзо губење на

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664


моторната активност (мускулно движење) на животното и смрт како резултат на престанок на дишењето и работата на срцето.

При апликација на средства на евтаназија кои ги супресираат нервните клетки на мозокот треба да се предизвика: брзо губење на свеста проследена со смрт поради директна депресија на респираторниот центар пропратено со хипоксемија и прекин на работата на срцето.

3) Генерални карактеристики и минимум потребни критериуми на опремата и имотот


Врз основ на погоренаведеното, се доаѓа до делот со кој е потребно да се дефинираат минималните критериуми за избор на технологија/опрема и слично. Критериумите се поделени во повеќе сегменти и тоа:

■ **Организација на просторот**: секој објект за сместување на кучиња треба да ги исполнува условите за благосостојба на животните, согласно националната легислатива и меѓународните стандарди. Целокупната организација на просторот во објектот треба да биде соодветен за потребите на околината во која егзистира но воедно да ги исполнува минималните пропишани стандарди. Секако дека добро организираниот простор во стационарите со текот на времето може да ја подобри функционалноста во правец на зголемувањето на дејностите во овие организации (заштита од болести, едукација, јавност, мрежно поврзување со други центри).




■ **Градба на објектите**: основните принципи при градба на објектите се спречување на ширењето на болести како и удобност и функционалност. Подовите и ѕидовите треба да се изградени од материјали кои лесно се чистат и дезинфицираат, а просториите треба според потребите лесно да се преградуваат, или пренаменуваат, соодветно проветрени. Дренажата во објектот треба да е со закосување кон надворешен правец, спротивно од просторот за живеење на животното. Обезбедувањето на соодветни одводни канали, септичка јама или соодветен резервоар е есенцијален елемент за сите градби. Капацитетот на објектот треба да биде димензиониран да има **не помалку од 75 боксови.**


АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664



■ **Локација на стационар**: Со оглед на тоа што Општина Струга е туристичко место, локацијата за наведената градба е потребно да биде оддалечена од туристичките места и центарот на градот. Пожелно, оваа локација да биде на некои мин. **2км од Охридското езеро, и мин. 1,5км** од Центарот на Струга (мостот на Црн Дрим кај х.Београд). Ваквото барање веројатно би можело да биде задоволено со веќе постоечки објекти кои се изградени на земјоделско земјиште (носат намена Ф – објекти на земјоделско земјиште согласно Правилник за премер на недвижности). Пример: Логиката е дека фарма за чување на крави би можела да биде искористена за стационар за чување на кучиња. Доколку се најде постоечки објект, потребно е истиот соодветно да се адаптира, парцелата да се огради и да се преземат слични активности за прилагодување на немената. Доколку постои ваков случај, ќе биде потребно да се обезбедат и соодетни дозволи од страна на Советот на Општината за сместување на амбуланта за ветеринарни услуги во рамки на ваквата локација.




АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664



**сликите се рендерирани, изгледот не е задолжителен и има за цел да покаже како би требало да изгледа стационарот.*

■ **Нормативи за поедини делови на стационарот:** сите делови во стационарот треба да бидат изградени согласно нивната намена. Единечните кафези треба да се со минимална големина од 2 m², да просторот за спиење биде подигнат од подот. Просторот за спиење треба да биде соодветно проветрен, со дневна и вештачка светлина. За секое куче поединечно треба да се обезбеди мин. 2,5 m2, а преградите треба да се високи најмалку 2m, конструирани со завршница свртена кон внатре. Соодветно за капацитет од **75 боксови**, потребно е земјиште од **минимум 2500м² на кое би бил расположлив стационарот.**

Најдени се примери од странство кои овозможуваат поголем конфор за кучињата, а тие се со значајни поголеми димензии од правилниците и изледаат како на примерот:




Општ опис


Објектот е единица за кучиња, комбинација од:


- **затворен дел** (засолниште за спиење)
- **отворен дел со метална мрежа** (поместувачки простор)
- поставен на бетонска основа

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Покрај зголемениот конфор и соодветни зони за кучето, се обезбедува и двоен капацитет кој би можел да се преградува со монтажни средишни панели.







АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

IV. Финансиско економска анализа

1) Проектирана Вредност на инвестицијата

Врз основ на анализа е дадена следната табела како вредност на инвестицијата:

Структура на инвестиции	
Тип на инвестиција	**Износ во ЕУР**
Земјиште	175.000
Изградба на стационар	285.000
Специјализирано возило	20.000
Опрема за стационар	7.000
Вереринарна опрема	7.500
Проектни трошоци	28.500
Вкупна инвестиција	**523.000**

- Трошоците за земјиште се проценуваат на 175.000 евра, односно 70 евра по м², за една парцела од околу 2.500 м², на која е планирана изградба на прифатилиште.
- Трошоците за изградба на објектот вклучуваат: градежни работи, занаетчиски работи, непредвидени работи, електроинсталации, машински инсталации, водовод и канализација, систем за водоснабдување, одводнување и уредување на околината. За наведената инвестиција е утврдено
- Трошоците за набавка на возила се проценуваат врз основа на тековните пазарни цени на соодветни возила за оваа намена. Тековните цени вариираат во зависност од производителот, нивото на опременост и слично, па затоа набавната цена на возилото е земена на просечно ниво од 20.000 евра.
- Трошоците за набавка на опрема вклучуваат набавка на: облека, опрема за фаќање животни, замрзнувач, машина за перење, компјутери и канцелариски материјал.
- Трошоците за набавка на ветеринарна опрема вклучуваат набавка на: хируршка маса, маса за преглед на животни, транспортни кафези, инокс кутии, хируршка ламба, центрифуга, вага, фрижидер, читач на бар-код, стерилизатор и микроскоп.
- Трошоците за планирање и проектна документација и трошоците за надзор се проценуваат на 10% од вкупните трошоци за изградба, односно 28.500 евра.

Тип на опрема	Животен/работен век
Објект	40 години
Опрема од прва категорија	10 години
Опрема од втора категорија	5 години
Возило	5 години
Компјутерска опрема	4 години
Специјална облека и обувки	2 години

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Опрема од прва категорија: опрема за фаќање кучиња, хируршка маса, маса за преглед на животни, транспортни боксови, инокс кутии.

Опрема од втора категорија: замрзнувач, машина за перење, канцелариски материјал, хируршка ламба, центрифуга, вага, фрижидер, читач на бар-код, стерилизатор, микроскоп.

2) Фиксни и оперативни трошоци на стационарот

Соодветно е направена и анализа за трошоците за водење на стационарот кои би биле:

Вид на трошоци – прва година	Износ (ЕУР)
Трошоци за плати[1]	50.000
Трошоци за одржување на објектот и кафезите[2]	4.500
Трошоци за одржување на возила	2.000
Комунални трошоци (струја, вода и сл.)	1.800
Маркетинг трошоци	600
Трошоци за едукација	900
Осигурителни трошоци[3]	810
Сметководствени трошоци[4]	960
Трошоци за правни услуги[5]	3.000
Трошоци за обука на работници за грижа за кучиња[6]	1.200
Дополнителни безбедносни трошоци[7]	2.500
Други трошоци	600
Вкупно	**68.870**

Објаснувања:

[1] Во трошоците за плати се вклучени платите на вработените во прифатилиштето: директор, еден ветеринар (со полно работно време), еден ветеринар само во првата година (со скратено работно време), четворица работници за работа со кучиња, чистач и ноќен чувар.

[2] Трошоците за одржување на кафезите вклучуваат:

– трошоци за дезинфекција (0,50 ЕУР/м² по излегување на секое куче),

– дезинфекција (0,30 ЕУР/м², 6 пати годишно),

– контрола на глодари (40 ЕУР по објект, двапати годишно).

Трошоците за одржување на самиот објект се проценуваат на **0,5% од инвестициската вредност** на објектот.

[3] Трошоците за осигурување се проценуваат на **0,3% од инвестициската вредност** на објектот.

[4] Според договорот со сметководствената агенција за овој тип на услуга.

[5] Трошоците за надворешни правни услуги, според аутсорсинг систем, се проценуваат на **250 ЕУР месечно**.

[6] Трошоците за обука на работниците за грижа за кучиња се пресметани **само во првата година**, во износ од **300 ЕУР по работник**.

[7] Дополнителните безбедносни трошоци се обезбедуваат за активностите на прифатилиштето за време на викенди и празници, согласно аутсорсинг систем.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Следно покрај утврдените фиксни трошоци во прилог е дадена и пресметка за варијабилните трошоци

Вид на трошоци - годишни	Износ (ЕУР)
Трошоци за згрижување на кучиња[1]	30.000
Трошоци за ветеринарна клиника (редовни – годишни)	30.000
Вкупно	**60.000**

Објаснување:

[1] Трошоците за згрижување на кучињата се пресметани по цена од **30 ЕУР по куче**, додека трошоците за ветеринарната клиника се исто така пресметани по цена од **40 ЕУР по куче**.

Трошоците за ветеринарна клиника вклучуваат:

– трошоци за вакцинација – **12 ЕУР**,

– трошоци за стерилизација – **12 ЕУР**,

– трошоци за третман против паразити – **6 ЕУР**,

– други хируршки и терапевтски трошоци – **10 ЕУР**.

3) Пресметка на (корист) од инвестицијата

Проекција на ефект од проектот:

Проекцијата на бројот на кучиња скитници е направена врз основа на првично утврдениот број на кучиња скитници (земена од претходната состојба) и претпоставките за движењето на оваа популација во наредниот период. Овие проекции се земени предвид: стапките на смртност кај кучињата (10% годишно според просечниот животен век од 14 години), стапките на раѓање кај кучињата 20% со проект (25% без проект), како и проектираните стапки на посвојување и еутаназија (вкупно 20% за двете категории) во во новото засолниште односно само 5% без засолништето. Податоците за потенцијалниот максимален број на кучиња претходно утврдени се користени како основа за проекциите. Проекциите на бројот на кучиња „со проект" и „без проект" се прикажани во табелата. Без проект:


Година	Број на кучиња	Нови кучиња	Угинувања	Посвојување / еутаназија
2025	793	0	0	0
2026	873	198	79	39
2027	961	218	87	43
2028	1.057	240	96	48
2029	1.164	264	105	52
2030	1.281	291	116	58
2031	1.409	320	128	64
2032	1.551	352	140	70
2033	1.706	387	155	77
2034	1.877	426	170	85
2035	2.066	469	187	93
2036	2.273	516	206	103
2037	2.501	568	227	113
2038	2.751	625	250	125
2039	3.026	687	275	137
2040	3.329	756	302	151

Видно од резултатите, бројот на кучиња скитници во период од 10 години би се зголемил од 793 на 3.329 согласно прокциите доколку не се спроведе проектот.

Со проект:

Година	Број на кучиња	Нови кучиња	Угинувања	Посвојување / еутаназија
2025	793	0	0	0
2026	778	198	55	158
2027	763	194	54	155
2028	748	190	53	152
2029	734	187	52	149
2030	720	183	51	146
2031	706	180	50	144
2032	692	176	49	141
2033	679	173	48	138
2034	666	169	47	135
2035	653	166	46	133
2036	641	163	45	130
2037	629	160	44	128
2038	617	157	44	125
2039	605	154	43	123
2040	593	151	42	121

Видно од резултатите, бројот на кучиња скитници во период од 10 години би се намалил од 793 на 593 согласно прокциите доколку се спроведе проектот а нема да се дозволи бројот да стигне до 3.329 кучиња.



Ова засолниште за кучиња ќе обезбеди средства за покривање на тековните оперативни трошоци, од приходите собрани од општината, врз основа на бројот на кучиња собрани и обработени од нивната територија.

Согласно анализа на ценовниците, комплетен 30-дневен третман за кучиња скитници се наплаќа по цена од 250 евра по куче. Имајќи ги предвид овие податоци, но и малку пократкиот проценет период на престој на кучињата во засолништето и

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

новородените кучиња, за понатамошни пресметки беше усвоена единечна цена од 250 евра по куче скитник но за 40% од вкупната бројка на кучиња како приход кој стационарот би го наплаќал. Пример, во 2026 година би имало 198 новородени кучиња а предмет на процесирање би биле 311 кучиња односно дел од постојните кои не се процесирани согласно капацитетите.

Фиксните трошоци би растеле во просек од 5% годишно, варијабилните за 1% годишно, додека приходите се дисконтирани за 5%, но и се зголемени за 5% (варијабилна ставка како прилагодување за инфлација = нето ефект 0). Дополнително, согласно типот на предложеното јавно приватно партнерство како и целта на оваа физибилити студија (да се реши проблемот со кучињата скитници) мора да има економска оправданост за приватниот партнер кој би ја спроведувал инвестиции. Со тоа, потребно е да се утврди надоместок од минимум 100.000 еур годишно што би претставувало инвестиција од 1.500.000 еур распределена на 15 години. Со тоа ги добиваме следните проекции:

Трошоци по години:

Година	Фиксни трошоци	Варијабилни трошоци	Вкупни трошоци
2025	0	0	0
2026	68.870	55.005	123.875
2027	72.314	53.944	126.258
2028	75.929	52.884	128.813
2029	79.726	51.894	131.619
2030	83.712	50.904	134.616
2031	87.898	49.914	137.812
2032	92.292	48.924	141.217
2033	96.907	48.005	144.912
2034	101.752	47.086	148.839
2035	106.840	46.167	153.007
2036	112.182	45.319	157.501
2037	117.791	44.470	162.261
2038	123.681	43.622	167.303
2039	129.865	42.774	172.638
2040	136.358	41.925	178.283
	1.486.116	**722.837**	**2.208.952**

Приходи по години:

Година	Број на кучиња	Процесирани кучиња 40%	Приходи	Надомест за инвестиција
2025	793			
2026	778	311	77.800	100.000
2027	763	305	76.300	100.000
2028	748	299	74.800	100.000
2029	734	294	73.400	100.000
2030	720	288	72.000	100.000
2031	706	282	70.600	100.000
2032	692	277	69.200	100.000
2033	679	272	67.900	100.000
2034	666	266	66.600	100.000
2035	653	261	65.300	100.000
2036	641	256	64.100	100.000
2037	629	252	62.900	100.000
2038	617	247	61.700	100.000
2039	605	242	60.500	100.000
2040	593	237	59.300	100.000
		4.090	**1.022.400**	**1.500.000**
Вкупно			**2.522.400**	

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Пресметка на остаточна вредност од инвестицијата:

Инвестиција: **319.000 ЕУР – (опрема без земјиште)**

Период: **15 години, со тоа што опремата се оштетува целосно за 4-5 години па е потребно да се набави нова. Вкупни инвестиции во циклус од 15 години се 3 * околу 300.000 еур = 957.000 + почетна инвестиција со земјиште вкупно = 523.000 еур.**

Резидуална вредност би била 523.000 еур * 15% (вредност на истек на период) = 78.450 еур + 175.000 еур земјиште = 253.450 еур.

Проекција на економскиот тек на проектот - финансиска анализа

Година	Инвестиции	Оперативни трошоци	Приход од обработка на кучиња	Надомест за инвестиција	Остаточна вредност[1]	Нето ефект
2025						
2026	523.000	123.875	77.800	100.000	0	**-469.075**
2027	0	126.258	76.300	100.000	0	**50.042**
2028	800	128.813	74.800	100.000	0	**45.187**
2029	0	131.619	73.400	100.000	0	**41.781**
2030	2.700	134.616	72.000	100.000	0	**34.684**
2031	24.930	137.812	70.600	100.000	0	**7.858**
2032	800	141.217	69.200	100.000	0	**27.183**
2033	0	144.912	67.900	100.000	0	**22.988**
2034	2.700	148.839	66.600	100.000	0	**15.061**
2035	0	153.007	65.300	100.000	0	**12.293**
2036	0	157.501	64.100	100.000	0	**6.599**
2037	800	162.261	62.900	100.000	0	**-161**
2038	0	167.303	61.700	100.000	0	**-5.603**
2039	2700	172.638	60.500	100.000	0	**-14.838**
2040	0	178.283	59.300	100.000	**253.450**	**234.467**
Вкупно	558.430	2.208.952	1.022.400	1.500.000	253.450	8.468

Финансиската нето сегашна вредност (FNPV) на овој проект е негативна во износ од -348.095 евра, што значи дека компанијата, без добивање на субвенцијата за инвестиција, ќе оствари загуба за износот 1.186.552 еур. Со додавање на резидуалната вредност на машините, опремата и возилата, (кои би останале во сопственост на приватниот партнер по истекот на договорот за јавно приватно партнерство), се добива позитивен нето ефект од само 8.468 еур.

Стапката на повраt на капитал (интерна стапка на повраt IRR) на овој проект е 0,21%, што не може да се смета за поволна интерна стапка, со оглед на тоа што проектот е прифатлив ако IRR е минимум 4%. Односот помеѓу финансиската корист и трошоците (FB/CR) на овој проект е 0,46, што значи дека вредноста на вкупните дисконтирани приходи е пониска од вредноста на вкупните дисконтирани трошоци.

Како што покажуваат резултатите од нашата анализа, и доколку не е оптоварен со трошоци за плати, проектот не дава задоволителни финансиски резултати. Затоа, оправданоста на проектите од овој тип првенствено се гледа преку социо-економските придобивки што ги носат ваквите проекти.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Сепак, важно е да се истакне дека проектот за прифатилиште во Струга би можело да ги покрие тековните трошоци од остварениот, што обезбедува негово непречено функционирање пред се поради тоа што приватниот партнер ќе може да најде дополнителни приходи неповрзани со договорот за јавно приватно партнерство. (Ветеринарни услуги, сместување на кучиња кои имаат сопственик и слично) што би го направило работењето по-рентабилно за приватниот партнер.

Очекуваните придобивки од реализацијата на овој проект се повеќекратни, бидејќи соодветното управување со популацијата на кучиња скитници во одреден регион има голем број значајни придобивки, што го прави и полесно и потешко мерењето. Во рамките на оваа анализа, беа квантифицирани следните социо-економски придобивки:

- Заштеди на трошоците предизвикани од каснувања од кучиња скитници;
- Заштеди на трошоците од сообраќајни несреќи предизвикани од кучиња скитници;
- Заштеди на трошоците во третманот на болести предизвикани од кучиња скитници и други кои се помалку материјални од првите две причини.

Реализацијата на овој проект ќе го намали бројот на кучиња скитници во Струшкиот регион, а со тоа ќе ја намали и можноста за каснување. Овие заштеди беа пресметани врз основа на следните податоци: проекции за бројот на кучиња во овој регион „без проект" и „со проект", проекции на случаи на каснувања од кучиња скитници „без проект" и „со проект", и одредување на единечни вредности на трошоците предизвикани од каснувања од кучиња скитници.

Проекциите на случаи на каснувања од кучиња скитници беа утврдени врз основа на податоци од претходниот период, добиени од одредени општини во Северна Македонија, како и врз основа на претходно утврдената проекција на бројот на судски спорови објаснет во претходната анализа.

Прегледот е:

Без Проект			Со проект		
Година	Број на кучиња	Број на каснувања	Година	Број на кучиња	Број на каснувања
2025	793		2025	793	
2026	873	87	2026	778	78
2027	961	96	2027	763	76
2028	1.057	106	2028	748	75
2029	1.164	116	2029	734	73
2030	1.281	128	2030	720	72
2031	1.409	141	2031	706	71
2032	1.551	155	2032	692	69
2033	1.706	171	2033	679	68
2034	1.877	188	2034	666	67
2035	2.066	207	2035	653	65
2036	2.273	227	2036	641	64
2037	2.501	250	2037	629	63
2038	2.751	275	2038	617	62
2039	3.026	303	2039	605	61
2040	3.329	333	2040	593	59
Вкупно		2.783	Вкупно		1.022

Ако просечен спор е околу 125.000 денари (директни и индиректни трошоци) се генерираат вкупни заштеди за потенцијални 1.900 спорови * 125.000 денари вкупно 237.500.000 денари или 3.861.788 ЕУР.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Согласно процентот на спорови (30% од вкупните каснувања) овој износ реално би бил 1.073.232 еур. (согласно табеларен преглед).

На сличен начин се гледаат и заштедите кои би се обезбедиле од сообраќајни незгоди а кои се согласно статистиката околу 1,6% зависни од бројот на кучиња. Односно ако при моментална бројка на кучиња има 15 сообраќајќи годишно, без проект би имало до 480 сообраќајни незгоди за период од 15 години каде причина би била удар во куче скитник. Со проектот овој број би се лимитирал на 176 сообраќајни незгоди. Прилог табела:

Без Проект			Со проект		
Година	Број на кучиња	Број на сообраќајќи	Година	Број на кучиња	Број на сообраќајќи
2025	793		2025	793	
2026	873	14	2026	778	12
2027	961	15	2027	763	12
2028	1.057	17	2028	748	12
2029	1.164	19	2029	734	12
2030	1.281	20	2030	720	12
2031	1.409	23	2031	706	11
2032	1.551	25	2032	692	11
2033	1.706	27	2033	679	11
2034	1.877	30	2034	666	11
2035	2.066	33	2035	653	10
2036	2.273	36	2036	641	10
2037	2.501	40	2037	629	10
2038	2.751	44	2038	617	10
2039	3.026	48	2039	605	10
2040	3.329	53	2040	593	9
Вкупно		445	Вкупно		164

Соодветно, заштедата би била 445-164 = 281 сообраќајни незгоди * 3500 еур во просек = 985.656 еур.

Оправданоста на ивестицијата со т.н. "opportunity cost" заштеди е презентирана согласно следната табела:

Година	Инвестиции	Оперативни трошоци	Приход од обработка на кучиња	Надомест за инвестиција	Остаточна вредност[1]	Заштеди од судски спорови	Заштеди од сообраќајни несреќи	Нето ефект
2025								
2026	523.000	123.875	77.800	100.000	0	5.793	5.320	**-457.962**
2027	0	126.258	76.300	100.000	0	12.073	11.088	**73.204**
2028	800	128.813	74.800	100.000	0	18.841	17.304	**81.333**
2029	0	131.619	73.400	100.000	0	26.220	24.080	**92.080**
2030	2.700	134.616	72.000	100.000	0	34.207	31.416	**100.307**
2031	24.930	137.812	70.600	100.000	0	42.866	39.368	**90.092**
2032	800	141.217	69.200	100.000	0	52.378	48.104	**127.665**
2033	0	144.912	67.900	100.000	0	62.622	57.512	**143.122**
2034	2.700	148.839	66.600	100.000	0	73.841	67.816	**156.719**
2035	0	153.007	65.300	100.000	0	86.159	79.128	**177.579**
2036	0	157.501	64.100	100.000	0	99.512	91.392	**197.504**
2037	800	162.261	62.900	100.000	0	114.146	104.832	**218.817**
2038	0	167.303	61.700	100.000	0	130.122	119.504	**244.023**
2039	2700	172.638	60.500	100.000	0	147.622	135.576	**268.360**
2040	0	178.283	59.300	100.000	**253.450**	166.829	153.216	**554.512**
Вкупно	558.430	2.208.952	1.022.400	1.500.000	253.450	1.073.232	985.656	2.067.355

Во овој случај, вкупниот бенефит од проектот изразен преку економските и социоекономските параметри изнесува нето остаток од 2.067.355 еур, при што IRR (интерна стапка на повраќ на капиталот) изнесува 24,07% што е далеку над 4% кои се минимално потребни.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

Сепак, важно е да се истакне дека проектот за прифатилиште во Струга би можело да ги покрие тековните трошоци од остваренот, што обезбедува негово непречено функционирање пред се поради тоа што приватниот партнер ќе може да најде дополнителни приходи неповрзани со договорот за јавно приватно партнерство. (Ветеринарни услуги, сместување на кучиња кои имаат сопственик и слично) што би го направило работењето по-рентабилно за приватниот партнер.

Очекуваните придобивки од реализацијата на овој проект се повеќекратни, бидејќи соодветното управување со популацијата на кучиња скитници во одреден регион има голем број значајни придобивки, што го прави и полесно и потешко мерењето. Во рамките на оваа анализа, беа квантифицирани следните социо-економски придобивки:

- Заштеди на трошоците предизвикани од каснувања од кучиња скитници;
- Заштеди на трошоците од сообраќајни несреќи предизвикани од кучиња скитници;
- Заштеди на трошоците во третманот на болести предизвикани од кучиња скитници и други кои се помалку материјални од првите две причини.

Реализацијата на овој проект ќе го намали бројот на кучиња скитници во Струшкиот регион, а со тоа ќе ја намали и можноста за каснување. Овие заштеди беа пресметани врз основа на следните податоци: проекции за бројот на кучиња во овој регион „без проект" и „со проект", проекции на случаи на каснувања од кучиња скитници „без проект" и „со проект", и одредување на единечни вредности на трошоците предизвикани од каснувања од кучиња скитници.

Проекциите на случаи на каснувања од кучиња скитници беа утврдени врз основа на податоци од претходниот период, добиени од одредени општини во Северна Македонија, како и врз основа на претходно утврдената проекција на бројот на судски спорови објаснет во претходната анализа.

Прегледот е:

Без Проект			Со проект		
Година	Број на кучиња	Број на каснувања	Година	Број на кучиња	Број на каснувања
2025	793		2025	793	
2026	873	87	2026	778	78
2027	961	96	2027	763	76
2028	1.057	106	2028	748	75
2029	1.164	116	2029	734	73
2030	1.281	128	2030	720	72
2031	1.409	141	2031	706	71
2032	1.551	155	2032	692	69
2033	1.706	171	2033	679	68
2034	1.877	188	2034	666	67
2035	2.066	207	2035	653	65
2036	2.273	227	2036	641	64
2037	2.501	250	2037	629	63
2038	2.751	275	2038	617	62
2039	3.026	303	2039	605	61
2040	3.329	333	2040	593	59
Вкупно		2.783	Вкупно		1.022

Ако просечен спор е околу 125.000 денари (директни и индиректни трошоци) се генерираат вкупни заштеди за потенцијални 1.900 спорови * 125.000 денари вкупно 237.500.000 денари или 3.861.788 ЕУР.

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

V. ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ

Врз основ на погоренаведеното во физибилити студијата се констатирани следните заклучоци:

1. Општина Струга веќе долго време се соочува со предизвици поврзани со зголемениот број кучиња скитници на улиците. Поради немање на постоечки капацитет, се актуелизираше потребата од изградба на ново засолниште кое може да ги задоволи потребите на овој регион.

2. Финансиската анализа покажа дека за реализација на проектот за изградба на засолниште, вклучувајќи ја и неговата опрема, ќе биде потребно е да се издвојат финансиски средства во износ од 523.000 евра. Индикаторите за финансиска изводливост на проектот се под границата на профитабилност, што се очекуваше за проект од ваков тип, каде што мотивите за имплементација треба да се бараат во однос на социо-економските, а не на комерцијалните ефекти. Очекуваните економски придобивки од имплементацијата на овој проект се, како што веќе споменавме, повеќекратни, а во рамките на предметната економска анализа, квантифицирани се следните социо-економски придобивки:
   - заштеди на трошоци за каснување од кучиња скитници,
   - заштеди на трошоци за сообраќајни несреќи предизвикани од кучиња скитници и заштеди на трошоци во третманот на болести предизвикани од кучиња скитници.

Резултатите од анализата покажуваат дека инвестицијата во изградба на засолниште за кучиња скитници има задоволителна економска оправданост.

3. Затоа, во однос на анализираните социо-економски ефекти од реализацијата на овој проект, недвосмислено можеме да заклучиме дека оваа инвестиција има целосна социо-економска оправданост.

4. Потребата за овој проект е првенствено фокусирана на Општина Струга, која е иницијатор на овој проект. Поради таа причина, основниот и најверојатен модел со кој би можел да се спроведе овој проект е јавно приватно партнерство со приватен инвеститор чии надлежности би биле регулирани со меѓусебен договор и релевантни законски акти. Во овој однос, од финансиска гледна точка, важно е да се дефинираат две прашања: Финансирањето од страна на Општината за реализација на планираните инвестиции и начинот на покривање на идните оперативни трошоци, т.е. постигнување финансиска одржливост за понатамошно функционирање на проектот што несомнено е во нивен заеднички интерес. Во случајот се предвидува инвестицијата да биде целосно направена од страна на приватниот партнер, со плаќање во рамки на 15 години (до кога треба да трае договорот со приватниот партнер).

5. Согласно позитивните законски прописи во Република Северна Македонија врз основ на анализа на ризиците, технологиите, начинот на финансирање и начин на

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ
Ул. Партизанска 33/5 Битола
Тел: 070-399-664

работа, се предлага постапка со која би се избрал приватен партнер за јавно-приватно партнерство кој би ги задоволив условите кои би се формирале при самата набавка. Со цел утврдување на подобен партнер Општината треба да побара соодветни референтни листи со анализа на евентуалната професионална способност, техничка способност и економска способност се во согласност со Законот за јавните набавки. Техничката способност треба да предвидува локација која ќе ги исполнува условите за изградба на ваков од минимум 2500м² земјиште, изградба на мин. 75 боксови за кучиња согласно спецификациите во оваа физибилити студија, изградба или давање на одобрение за адаптација на соодветна ветеринарна соба/објект. За прифатлива локација би требало да се разгледува и постојни објекти со намена Ф – (објекти во земјоделие) кои се лесно прилагодливи (пример од фарма за чување на крави, во стационар за чување на кучиња). Локацијата е исто така потребна да биде оддалечена минимум 2км од брегот на Охридското Езеро односно 1,5 км од Центарот на Струга и да се обезбедат соодветни елаборати за Екологија и Животна средина. Треба да биде предвидена набавка на опрема од прва и втора категорија согласно физибилити студијата. Професионалната способност треба да се утврди така што приватниот партнер би имал ангажирано минимум едно стручно лице – Ветеринар. Економската способност би требало да се утврди со писмо на намери за обезбедени средства потребни за инвестицијата.

6. После транспарентен избор на приватен партнер следи фаза на реализација на инвестицијата каде јавниот партнер е контролор, кој ја следи инвестицијата во согласност со предвиденото во документациите.

7. Соодветно на анализата се предлага склучување на договор до максимум 15 години после кој период ќе биде потребно повторно анализирање на состојбите.

8. Главна цел при реализацијата на јавното приватно партнерство е Општина Струга соодветно да го контролира квалитетот на услугата од приватниот партнер, целокупната инвестиција и да се осигура дека ќе се почитуваат договорите кои би се потпишале. Договорот мора да предвидува и клаузули за раскинување на договорите поради непочитување на одредби од договорните страни со соодветни пенали за истото. Секако, главна цел на оваа физибилити студија е реализација на проектот и остварувања на бенефитите објаснети во самата студија.

Изготвувач:

Дарко Апостоловски

АЕСТИМАТИО ДООЕЛ Битола